ISSN-1409-7664

# БИЛТЕН 4

*Издава*
СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*За издавачот*
Д-р Љубомир Јакимовски, претседател
Миљаим Фетаи, заменик на претседателот
Академик Ташко Георгиевски, член
М-р Марио Макрадули, член
Шабан Салиу, член
Милош Симоновски, член
Марин Димевски, член
Владимир Крстевски, член
Олег Демитриенко, член

*Редакција*
Снежана Трпевска
Емилија Јаневска
Гордана Мајнова

*Графичко уредување*
Славјанка Петрушева

*Печати*
Служба за општи и заеднички работи
при Владата на Република Македонија
/отсек печатница/

*Тираж: 350 примероци*

Илинденска 9, 91000 Скопје
тел. 129-084, 109-338, 109-339,
факс: 109-338
**http:/www.srd.org.mk**
**e-mail: sovet@srd.org.mk**

Содржина:

дел 1.- Извештај за работата на Советот за радиодифузија во периодот од1 јули 1998 до 30 јуни 1999 ............................. 5

дел 2. - Информација за зачленувањето на Советот за радиодифузија во ЕПРА ....................................................... 59

дел 3.- Програмата за работа на Советот за радиодифузија за 1999 година ........................................................................ 65

Дел 1

# И З В Е Ш Т А Ј

за периодот од 1 јули 1998 до 30 јуни 1999 година

## Содржина:


Увод ..... 9

§1. Воспоставување на новиот радиодифузен систем во практиката ..... 11
1.1. Нормативна рамка и конституирање на два сектора ..... 11
1.2. Јавната радиодифузија: состојба, проблеми и перспектива ..... 12
1.2. Приватен радиодифузен сектор ..... 14

§2. Распределба на средствата од радиодифузната такса наменети за финансирање на радио и телевизиски проекти од јавен интерес ..... 18

§3. Мониторинг на програмите и истражувања на публиката ..... 20
3.1. Мониторинг на програмите на електронските медиуми за време на парламентарните избори ‘98 ..... 20
3.2. Мониторинг групи од слушатели и гледачи ..... 21
3.3. Мониторинг на програмите на електронските медиуми ..... 22
3.4. Воената и хуманитарната криза во регионот и однесувањето на медиумите ..... 24
3.5. Истражување на публиката и програмите ..... 25
3.6. Комисија за претставки од гледачи и слушатели ..... 26
3.7. Активности поврзани со употребата на јазикот ..... 26

§4. Земска, кабелска и сателитска радиодифузија и воведување нови технологии ..... 27
4.1. Состојба во терестријалните мрежи ..... 27
4.2. Развој на кабелската дистрибуција на радио и ТВ програмите ..... 28
4.3. Примена на новите технологии и програмските радиодифузни сервиси во дигиталната ера ..... 28
4.4. Македонија и сателитската комуникација ..... 29
4.5. Обезбедување квалитетен сигнал во сите населени места ..... 29

§5. Креирање нов комуникациски пазар и мерки за поддршка на медиумите ..... 31
5.1. Потенцијалите на новиот радиодифузен сектор ..... 31
5.2. Услови во кои работеа радиодифузерите во минатиот период ..... 31

§6. Радиодифузна такса ..... 34
6.1. Следење на наплатата на радиодифузната такса ..... 34
6.2. Ослободување од плаќање радиодифузна такса ..... 35

§7. Меѓународна соработка ..... 37
7.1. Соработка со Европската комисија и со Советот на Европа ..... 37
7.2. Соработка со независните регулаторни тела од европските земји ..... 38
7.3. Соработка со други меѓународни институции, асоцијации и фондации ..... 38
7.4. Меѓународна размена на податоци од аудиовизуелната област ..... 40

§8. Издавачка дејност и база на податоци за радиодифузерите ..... 41
8.1. Билтен на Советот за радиодифузија ..... 41
8.2. Публикации од посебни проекти и советувања ..... 41
8.3. Интернет ..... 41
8.4. База на податоци за радиодифузерите ..... 41

§9. Транспарентност на работата на Советот ..... 42

§10. Материјално-финансиско работење на Советот ..... 43

П Р И Л О З И ..... 45

# Увод

Основно обележје на втората година[1] од работата на Советот за радиодифузија беа интензивните активности насочени кон практично заживување на установената легална основа на новиот дуален концепт на македонската радиодифузија, во кој витална улога имаат и јавниот и приватниот радиодифузен сектор. Советот оствари и значајни активности во насока на ремоделирање на радиодифузниот пејсаж, во кој покрај терестријалната, значајно место почнуваат да заземаат и кабелската и сателитската радиодифузија: подготовките на конкурсот за доделување на првите концесии за кабелска телевизија и активностите од негова надлежност, поврзани со изградбата на Земскиот сателитски центар и емитувањето сателитски радио и ТВ програми од Македонија, односно нејзино вклучување во меѓународната сателитска комуникација.

Овој период се карактеризира и со многубројни активности и напори на Советот за почитување на Законот за радиодифузната дејност, преку запирање на работата на нелегалните радиодифузери и на пиратството, создавање услови за фер и лојална конкуренција како темелна претпоставка за успешно функционирање на новиот приватен радиодифузен сектор. Во остварувањето на овие активности, во рамките на своите овластувања и одговорности, Советот поаѓаше од потребата за целосна соработка со Владата, Министерството за сообраќај и врски и други тела, органи и организации во државата.

Во минатата година Советот започна со остварување и на својата - можеби најзначајна улога - подигање на квалитетот на програмите, првенствено водејќи грижа за интересите на граѓаните, односно гледачите и слушателите. Воспоставена е мрежата на групи од гледачи и слушатели во 31 град, кои на Советот му помагаат во осознавањето на мислењата на гледачите и слушателите за радио и телевизиските програми, како и во подготовката на долгорочните проекти.

Особено значаен проект во 1999 година, беше првото распоредување на средствата од радиодифузната такса наменети за финансирање проекти од јавен интерес, чија основна интенција е поттикнување на квалитетната аудиовизуелна продукција на трговските радиодифузни друштва и на независните продуценти.

Работата во 1998 и 1999 година ја карактеризираат и низа други настани и процеси што оставија видлив печат врз работата на електронските медиуми, но и врз вкупните активности на Советот за радиодифузија.

Најпрво тоа беа третите парламентарни избори во 1998 година, за кои општа оцена беше дека се одвиваа во демократски плуралистички амбиент. За создавањето на тој демократски амбиент несомнено многу придонесе фактот што во медиумското покривање на кампањата се вклучија голем број нови електронски медиуми кои на гласачкото тело на Македонија навистина сеопфатно му ја претставија изборната кампања на сите политички субјекти. Во функција на подготовка на електронските медиуми за избалансирано и непристрасно покривање на кампањата, Советот за радиодифузија донесе и посебни препораки за програмите поврзани со изборите, организираше мониторинг на програмите и негово прво истражување на мислењето на граѓаните за известувањето на електронските медиуми за време на изборите.

Втор, мошне значаен настан, што видливо ја одбележа 1999 година, беше интервенцијата на НАТО и конфликтот на Косово. Токму во овој период, се покажа дека улогата на електронските медиуми, особено на телевизијата, во одделни моменти може да биде од исклучително значење за зачувување на интегритетот и стабилноста на државата. Согледувајќи го тоа, Советот за радиодифузија, и пред и за време на

---

[1] Во согласност со член 28 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија му поднесува Извештај на Собранието на РМ. За времето од конституирањето, од 5 септември 1997 до 30 јуни 1998 година Советот исто така подготви и до Собранието поднесе Извештај за својата работа.

хуманитарната и воена криза, неколку пати реагираше во јавноста и укажа на важноста на објективното и одговорно информирање за настаните, нагласувајќи ја, притоа, уредувачката независност на електронските медиуми и слободата на информирањето.

Во сите свои активности, Советот, уште од почетокот на своето делување, недвосмислено се определи да ги следи европските искуства, акцептирајќи ги во своите документи и начин на работа принципите и насоките зацртани во меѓународните документи и резолуции од областа на човековите права, медиумите и аудиовизуелната политика. Во таа смисла, особено значајни се да се спомнат Европската конвенција за човекови права (посебно член 10, за слободата на информирањето и изразувањето, но и за одговорноста на медиумите), Европската конвенција за безгранична телевизија на Советот на Европа и Директивата “Телевизија без граници” на Европската комисија.

Основната интенција на Директивата “Телевизија без граници” е да се оствари усогласеност на националните законодавства во областа на радиодифузијата со европското законодавство. За таа цел Советот направи пресек на оние прашања од националната регулатива што неопходно треба да бидат ревидирани, токму од аспект на духот и одредбите на Директивата.

Треба да се одбележи и фактот што Советот за радиодифузија на Република Македонија е едно од ретките радиодифузни регулаторни тела формирани во земјите во транзиција. Од државите што се формираа на просторите на поранешна Југославија, вакви тела постојат само во Словенија и Македонија, а од другите земји во транзиција, во Естонија, Литванија, Латвија, Полска, Романија, Чешка и во Словачка. Во однос на напредокот постигнат во процесот на доделување концесии во терестријалната радиодифузија, Република Македонија се издвојува од другите земји во транзиција.

Врз основа на искуството од двегодишното работење, сознанијата од практичната примена на Законот за радиодифузната дејност и неговиот однос со другите закони (Законот за концесија, Законот за телекомуникациите и други закони што се применуваат во оваа сфера) и компаративната анализа на законите и регулаторната дејност на европските и другите слични тела, а во насока на хармонизација на македонската регулатива со регулативата и медиумската политика на Европската унија, Советот за радиодифузија усвои посебен документ што е составен дел на овој извештај[2].

Советот во овој период одржа 23 седници на кои беа разгледани повеќе прашања од неговата надлежност од кои во Извештајот се наведени само позначајните.

[2] Материјалот “Натамошни насоки за развој на регулативата во областа на радиодифузијата во Република Македонија” е приложен како анекс на овој Извештај

# §1. Воспоставување на новиот радиодифузен систем во практиката

## 1.1. Нормативна рамка и конституирање на два сектора

Во македонската радиодифузија, дуалниот систем што означувва коегзистенција на јавната и приватната радиодифузија, е воспоставен со донесувањето на Законот за радиодифузната дејност од 1997 година, а во 1998 година и со законите за основање на јавните радиодифузни претпријатија ‘Македонска радио-телевизија’ и ‘Македонска радиодифузија’. Основната интенција на овој концепт во Европа е на публиката да ѝ се овозможи максимум избор и максимум квалитет, при што ниту едниот ниту другиот сегмент не може сам за себе да ги оствари овие цели.

Според својата позиција утврдена со Законот, Советот за радиодифузија се грижи за воспоставување нормални услови за функционирање и развивање и на двата сектора и за континуирано одржување одреден баланс во вкупната програмска понуда на овие два сектора, во насока на задоволување на културните потреби на сите сегменти на публиката.

Меѓутоа, процесот на дообликување и практично оживотворување на нормативните основи на новиот радиодифузен систем, во извештајниот период, се одвиваше со низа проблеми и тешкотии, така што и нормативно и практично тој сѐ уште не е целосно заокружен. Освен тоа и по донесувањето на законите и конституирањето на двете јавни радиодифузни претпријатија остана недефинирана позицијата на локалната јавна радиодифузија, што отвори низа проблеми и прашања за состојбата и позицијата на локалните јавни радиодифузни претпријатија во вкупниот радиодифузен концепт.

Според вкупниот број електронски медиуми, 158 канали, т.е. 127 трговски радиодифузни друштва и 32 претпријатија на јавниот радиодифузен сервис на национално и на локално ниво, а имајќи ги предвид територијата и бројот на населението, Македонија спаѓа во редот на земјите во Европа што се наоѓаат на самиот врв. Тоа е особено значаен факт, бидејќи електронските медиуми се дел од новата комуникациска инфраструктура на општеството и суштествен фактор на вкупниот процес на натамошна демократизација.

Од првите години сосема спонтан развој во сферата на радиодифузијата, придобивка беше единствено квантитативното подобрување на програмската понуда, бидејќи главна програмска ориентација на најголем број нови приватни радио и телевизиски станици, покрај рекламите, беше реемитувањето странски програми и емитувањето филмови и други видови забавни и спортски програми (најчесто пиратски). Сепак, може објективно да се издвојат само мал број приватни радиодифузери, чија што визија уште од почетокот се состоеше во создавање и емитување квалитетни и високо-професионални програми наменети за повеќе делови од публиката.

Независно од квалитетот на вкупната програмска понуда, приватниот сектор уште од почетокот радикално го измени медиумското опкружување и се наметна како конкуренција на јавниот сектор. Македонската радио-телевизија и локалните јавни радиодифузни претпријатија веќе се наоѓаа во мошне тешка материјално-финансиска состојба како последица на низа фактори, меѓу кои и недонесувањето на Законот за радиодифузната дејност, нискиот процент на наплата на претплатата, односно долготрајното нерешавање на прашањето на стабилен извор на финансирање на јавниот сервис, внатрешните организационо-технички и кадровски проблеми итн. Во такви услови, јавниот сектор се обидуваше излезот од кризата да го бара, меѓу другото, и во зголемувањето на уделот на приходите од рекламирањето во вкупните приходи. Од своја страна, приватниот сектор настапуваше со тезата за декомерцијализирање на јавниот сервис, аргументирајќи го тоа со делот од радиодифузната такса што го зафаќа

јавниот радиодифузен сектор.

Може да се очекува целокупната состојба на македонскиот радиодифузен комуникациски пазар и конкуренцијата меѓу двата сектора уште повеќе да се заостри со доделувањето на концесиите за кабелска телевизија и со сé поголемото продирање на сателитските канали.

## 1.2. Јавната радиодифузија: состојба, проблеми и перспектива

Јавен радиодифузен сервис на национално ниво

Како независно тело што ги претставува интересите на граѓаните на Република Македонија во вршењето на радиодифузната дејност (член 23 од Законот за радиодифузната дејност), Советот за радиодифузија се грижи за спроведување на одредбите од Законот во однос на создавањето и емитувањето на радиодифузните програми (член 83). Сите одредби од Законот за радиодифузната дејност во поглед на создавањето и емитувањето на радиодифузните програми, подеднакво се однесуваат на програмите на трговските радиодифузни друштва и на јавните радиодифузни претпријатија. Оттаму, во надлежност на Советот за радиодифузија е и следењето на програмите на Македонската радио-телевизија од аспект на остварување на законските одредби и задоволување на интересите на целата македонска публика.

Основањето, дејноста и организацијата на Македонската радио-телевизија се уредени со Законот за МРТ. Во член 2 од овој закон, меѓу другото, се вели дека Македонската радио-телевизија дејноста ја врши под услови и начин определени со Законот за радиодифузната дејност.

Донесувањето на Законот за Македонската радиотелевизија го затекна ова претпријатие во кадровска, продукциска и материјална криза. Тоа беше последица, од една страна, на објективните услови во поширокото опкружување во кое работеше Македонската радио-телевизија неколку години station наназад (нерешениот статус и нестабилните извори на финансирање, појавата на голем број приватни медиуми и нелојалната конкуренција итн.). На тоа, од друга страна, како што се истакнува во Информацијата од 15 јуни 1999 година, доставена од МРТ до Собранието на Република Македонија, се надоврзуваат и внатрешните организационо-технички и продукциски проблеми (голема финансиска задолженост, застарена опрема, техника и технологија, застарена организација, големи трошоци во работењето и др.)

Со донесувањето на законите за основање на јавните радиодифузни претпријатија Македонска радио-телевизија и Македонска радиодифузија, требаше да заврши процесот на нормативно дообликување на јавниот радиодифузен сервис на национално ниво. Од постојното едно јавно радиодифузно претпријатие во рамките на кое функционираше и предавателниот систем, требаше да се формираат две. Меѓутоа, процесот на конституирање на двата правни субјекта, вклучувајќи го делбениот биланс, се уште не е завршен. Тоа натаму им создава дополнителни тешкотии во работењето и на двете претпријатија.

Несомнено е дека и покрај низа тешкотии и проблеми, Македонската радио-телевизија треба да биде поддржана за да може и самата да се соочи со предизвиците кои пред неа ги постави новото компетитивно опкружување, особено поради виталната улога на јавниот радиодифузен сервис. Ова е дотолку попотребно и поради навлегувањето на новите технологии кои уште повеќе го нагласуваат фундаменталното значење на јавната радиодифузија, поради фактот што мисијата на јавниот сервис е поврзана со принципот “програми за секого”. Постоењето на јавниот сервис се легитимизира со фактот што разновидноста на неговата програмска понуда има интегрирачки ефект врз целата заедница, со тоа што на сите нејзини делови (независно од полот, возраста, етничкото потекло и другите посебни културни потреби) таа им нуди можност за заемно запознавање и за заедничко учество во јавниот дијалог.

Во таа смисла, вкупната програмска структура на Македонската радио-телевизија и во текот на овој изминат период беше насочена кон остварување на нејзините основни функции на јавен радиодифузен сервис на национално ниво. Македонската радио-телевизија емитува, просечно дневно, по околу 90 часа радио програма од сите жанрови[4], а Македонската телевизија, дневно, емитува по околу 37 часа програма[5].

Обликувајќи се како медиум од општ програмски карактер, Македонската телевизија, на Првата програма, на македонската публика и нуди избор од сите програмски категории, фокусирајќи се првенствено на информативната, културната и едукативната, но и на забавната функција. На Втората програма таа и натаму остварува незаобиколиво значајна функција, овозможувајќи простор за задоволување и на културните потреби на националните малцинства во Република Македонија. Така, денес, Македонската телевизија на својата втора програма емитува вкупно 17 часа неделно програма на албански, 10 часа на турски и по 1 час на ромски, влашки и српски јазик.

Јавен радиодифузен сервис на локално ниво

Состојбата на локалната јавна радиодифузија беше едно од прашањата кое мошне често се наоѓаше на агендата на Советот. Статусот на 29 локални радиостаници со различни основачи конзистентно не беше решен ниту со донесувањето на Законот за радиодифузната дејност (член 92), а одредбите од Законот за локалната самоуправа и Законот за јавните претпријатија што се однесуваат на локалните јавни радиодифузни претпријатија се противречни. Техничкото решение утврдено во Законот за Македонската радио-телевизија (член 29), тие да продолжат со работа како јавни радиодифузни претпријатија на локално ниво и следствено на тоа да склучат спогодби за преземање на основачките права со новоформираните општини на чии подрачја емитува програма соодветното јавно радиодифузно претпријатие, не го поттикна овој процес. Имено, во предвидениот рок - февруари 1998 година - само пет од локалните јавни радиодифузни претпријатија го усогласија својот статус со Законот. Во услови на нерешен правен статус, основачките права на другите општини ги врши Владата на Република Македонија.

Нерешениот правен статус на поголемиот број јавни локални радиостаници уште повеќе ја влоши нивната материјално-финансиска положба, наследена од претходниот период кога тие беа дел од системот на МРТ. Од друга страна, процентот од радиодифузната такса (5%) наменет за постојните локални јавни радиодифузни претпријатија е погрешно билансиран при донесувањето на Законот за радиодифузната дејност, поради што ни оддалеку не можеше да ги покрие нивните продукциски, организационо-технички и материјални потреби.

Во меѓувреме до Советот за радиодифузија беа упатени и неколку барања за основање нови јавни локални радиодифузни претпријатија (според член 9 од Законот за радиодифузната дејност и член 17 од Законот за локалната смаоуправа), особено од оние општини, односно подрачја во кои не можат да се следат програмите на постојните радиостаници. За вкупната состојба на локалната јавна радиодифузија и за објективните ограничувања на постојниот фреквентен план Советот исцрпно ја информираше Владата на Република Македонија, а иницираше и повеќе средби со претставниците на јавните радиодифузни претпријатија.

Со жанровската разновидност на својата вкупна програмска понуда[6], како и со

[4] Радио Скопје (Првиот канал на Македонското радио), Втората програма и Радиото на јазиците на националностите, Третата програма (радио програма од научен и културен карактер), Радио “103” (радио за млади) и Радио “Билјана (Радио за нашите сонародници во странство и програма на јазиците на соседните држави).

[5] МТВ 1 емитува 24-часовна програма, а МТВ 2 по околу 13 часа дневно.

[6] Сите 29 јавни локални радиостаници, дневно емитуваат над 340 часа програма, а осум јавни локални телевизии (во рамките на јавните радиодифузни претпријатија) дневно емитуваат 93 часа програма, со разновидна жанровска структура.

квалитетот на програмите што ги подготвуваат за локалното подрачје, најголем дел од овие станици даваат битен придонес во збогатувањето на културниот и општествениот живот на средините во коишто емитуваат програма. Исто така, јавните локални радиостаници, на подрачјата каде што живеат и припадници на националните малцинства емитуваат програми, покрај на македонски јазик и на јазиците на соодветните националности.[7]

Советот за радиодифузија за надминување на актуелната состојба на овој сегмент на јавната радиодифузија, во втората половина на 1999 година, планира посебно советување. Ова советување под работен наслов "Иднината на локалната јавна радиодифузија" треба да ги акцептира европските искуства и да ги отвори прашањата за перспективата на локалната јавна радиодифузија, во смисла на врзување на нејзиното натамошно постоење со информативните и културните потреби на локалната заедница. Во секој случај, решенијата за натамошно опстојување и изворите на финансирање можат да се бараат во тесна врска со најавеното реализирање модел на локална самоуправа на која во основа и е наменет овој сервис.

## 1.2. Приватен радиодифузен сектор

Завршување на постапката за доделување на концесиите

По завршувањето на двата конкурса за доделување концесии за вршење радиодифузна дејност, во септември 1998 година, Советот за радиодифузија ги презема сите неопходни активности за спроведување на одлуките на Владата за доделување концесии. По завршувањето на постапката за судска регистрација и склучувањето договори за концесија, денес приватниот сектор го сочинуваат вкупно 127 трговски радиодифузни друштва, и тоа:

- три на територијата на Република Македонија (една за радио и две за телевизија) и

- 124 на локално ниво (72 за радио и 52 за телевизија).

Во постапката за доделување концесии се водеше особена грижа за почитување и задоволување на интересите на публиката која живее на подрачјата на кои се доделуваат концесиите, како и за разновидноста на програмските сервиси што се нудат на соодветното подрачје. Така, доделени се концесии на 27 локални трговски радиодифузни друштва (13 ТВ и 14 радиостаници), кои покрај на македонски, емитуваат програма и на јазиците на националностите кои живеат на нивното подрачје. Така, денес, од 80 трговски радиодифузни друштва што добија концесија за радио програма, 14 емитуваат програма и на албански јазик, пет на турски, две на ромски и едно на влашки јазик, а од 57 трговски радиодифузни друштва што добија концесија за телевизија 13 емитуваат програма и на албански јазик, пет на турски, две на ромски и едно на српски јазик.

Завршувањето на постапката за доделување концесии и остварениот реален степен на плурализам во сферата на електронските медиуми, беше позитивно оценета и од Европската комисија која во својот Извештај од октомври 1998 година го изнесе следново:

"Што се однесува до електронските медиуми, Законот за радиодифузната дејност од април 1997 година целосно се спроведува. Владата го прифати барањето за фреквенции одобрени од Советот за радиодифузија во мај и јули 1998 година. Покрај јавната радио-телевизиска корпорација (МРТВ) беа доделени и концесии за една радио и две ТВ-станици на национално ниво и за 80 радио и 57 ТВ-станици на локално ниво, што од ОБСЕ е оценето како задоволителен степен на плурализам во електронските медиуми."

[7] 7 јавни радиодифузни претпријатија емитуваат програма и на албански, турски, ромски или влашки јазик.

Позитивна оцена на процесот на доделувањето концесии, особено од аспект на стручноста и транспарентноста на водењето на постапката, дадоа и меѓународните експерти (на Фондацијата “Know How” и на Отсекот за радио-телевизија при Универзитетот на Јужен Илиноис, САД).

Според бројот на приватни електронски медиуми Македонија е во самиот европски врв. Состојбата во која се наоѓа нашата економија и нејзиниот развој ќе ги покаже насоките во кои ќе се креира новиот комуникациски пазар на медиумите врз пазарни критериуми (окрупнување, воспоставување акционерски друштва наместо друштва со ограничена одговорност итн.) што ќе влијае врз ремоделирањето на овој сектор и создавање услови за негово успешно економско опстојување на пазарот.

Составен дел на постапката за доделување на концесијата е издавањето дозволи за набавка и поставување радиостаници и дозволи за работа на радиостаниците. Според Секторот за радиокомуникации при Министерството за сообраќај и врски, од вкупниот број концесионери кои потпишале договори за концесија, барање за дозвола за набавка на радиостаници, заклучно со 24 јуни 1999 година, до Министерството за сообраќај и врски доставиле и добиле:

- сите трговски радиодифузни друштва на територијата на РМ (две телевизии и едно радио);
- 49 локални трговски радиодифузни друштва за телевизија (три не поднеле барање) и
- 66 трговски радиодифузни друштва за радио (шест не поднеле барања).

Од ова произлегува дека само осум трговски радиодифузни друштва не поднеле барање за добивање дозвола за работа, што е составен дел на договорот за концесија.

<u>Мерки за престанок со работа на дифузерите без концесија и за спроведувањето на договорите за концесија</u>

Според Законот за радиодифузната дејност (член 22), Советот за радиодифузија е надлежен за изготвување предлози за доделување концесии, согласно условите утврдени со Законот (член 13). Трговските радиодифузни друштва, концесијата за вршење радиодифузна дејност ја добиваат од Владата на Република Македонија, на предлог на Советот за радиодифузија, врз основа на конкурс.

Постапката за доделување концесија фактички заврши по истекот на роковите за регистрација на трговските радиодифузни друштва (15 август 1998 година) и потпишувањето на договорите за концесија.

Во Законот за радиодифузната дејност програмските и техничките надлежности меѓу Советот и Министерството за сообраќај и врски се разграничени. Така, во надлежност на Министерството за сообраќај и врски, согласно член 90 од Законот, е и преземањето мерки за престанок со работа на дифузерите кои воопшто не учествуваа на конкурсот за доделување концесии, како и на оние кои учествуваа на конкурсот, а не добија концесија.

Во функција на координирање на наведените активности и запознавање на концесионерите со активностите и обврските што произлегуваат од Законот за радиодифузната дејност, Законот за концесија, Законот за телекомуникациите, Законот за авторското право и сродните права и договорите за концесија, Советот за радиодифузија, на 27 август 1998 година, организираше средба со претставници на сите трговски радиодифузни друштва - концесионери. На средбата присуствуваа и претставници на Министерството за сообраќај и врски, Министерството за култура, Министерството за информации, Здружението за заштита на мали музички права и други заинтересирани органи и организации.

Од претставникот на Министерството за сообраќај и врски, на оваа средба концесионерите беа информирани за активностите што ги планира Министерството за издавање дозволи за набавка и поставување, односно дозволи за работа на радиостаниците и за престанок со работа на дифузерите кои не добија концесија и за наме-

рата на Министерството овие активности да бидат завршени до крајот на септември 1998 година.

Меѓутоа, постапката за издавање дозволи на радиостаниците и за затворање на станиците што немаат концесија беше пролонгирана. Поради тоа, оние концесионери кои сериозно и професионално се определија да се занимаваат со радиодифузната дејност се соочија со нелојална конкуренција, рекламни цени и маркетиншки услуги под секоја пазарна логика. Ова беше и едно од образложенијата на дел од концесионерите кои не го платија надоместокот за концесија според роковите утврдени во договорите.

По конституирањето на новата Влада, Советот за радиодифузија продолжи со иницијативите за средување на состојбите, првенствено низ редовната комуникација и соработка со министерот и секторите во Министерството за сообраќај и врски. По неколку месечен застој, од декември 1998 година, Министерството за сообраќај и врски презеде серија мерки и активности. Како резултат на тоа, интензивирано е издавањето на дозволите за набавка и поставување на радиостаниците, со цел да се заокружи техничкиот дел на постапката за легализација на концесионерите. Извршени се усогласувања на фреквенциите на јавните радиостаници на локално ниво. Се пристапи и кон подготовки за измена на фреквентниот план за терестријална радиодифузија, изработка на Правилник за кабелска телевизија итн.

Состојбата тешко се менуваше единствено во поглед на престанокот со работа на радиодифузерите без концесија. Во рамките на настојувањата за усогласување на активностите, Советот за радиодифузија, побара информација од Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски за мерките што се преземени. Според информацијата од 16 март1999 година, Републичкиот инспекторат ги презел следниве мерки: издал 108 решенија за забрана за вршење радиодифузна дејност, извршил осум запечатувања на уреди или простории со помош на кои се вршела радиодифузна дејност, поднел девет прекршочни пријави поради непридржување кон забраната за вршење радиодифузна дејност и една кривична пријава поради отпечатување на запечатени уреди и простории. Од вкупно 108 радиодифузери без концесија кон кои биле преземени мерки, 65 воопшто не учествувале на конкурсите за доделување на концесии за вршење радиодифузна дејност кои, според член 90 од Законот, требаше да престанат со работа уште во септември 1998 година.

Разгледувајќи ја актуелната состојба, а со цел да се постигне уште повисок степен на ефикасност на мерките, Советот за радиодифузија на 17 март 1999 година ги усвои следниве предлози на мерки: (1) Инспекторатот, во согласност со членот 90 од Законот за радиодифузната дејност треба да обезбеди престанок со работа на сите емитувачи кои немаат концесија, (2) Секторот за радиокомуникации при Министерството, на сите концесионери да им издаде дозволи за набавка и поставување радиостаници, односно дозволи за работа, а постапката за издавање на овие дозволи да се одвива синхронизирано, да се избегне непотребното комплицирање и администрирање и да заврши во најкус можен ро и, (3) Републичкиот инспекторат да преземе мерки против субјектите кои вршат кабелска дистрибуција на радио и телевизиски програми, бидејќи за неа никој нема добиено концесија.

Имајќи ги предвид укажувањата на одделни концесионери и на Здружението на трговските радиодифузни друштва, а со цел на Републичкиот инспекторат да му се создаде поширок простор за дејствување, Советот за радиодифузија на 15 април 1999 година до Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски, упати и формален предлог за преземање мерки за средување на состојбите. Овој предлог е во согласност со член 84 од Законот за радиодифузната дејност, според кој "надлежните инспекторати во соодветните министерства, ... непосредно и на предлог на Советот преземаат мерки кон оние радиодифузни организации што вршат дејност спротивно на овој закон." Од Инспекторатот беше побарано, во рок од 15 дена, Советот и формално да биде известен за преземените активности. Активноста на Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски можеше непречено да се остварува и поради фактот што жалбите на сите

радиодифузери против решенијата на Републичкиот инспекторат упатени до второстепената комисија на Владата на РМ, беа одбиени.

Во функција на подготовка на Извештајот на Советот за радиодифузија за Собранието на РМ, Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски, на Советот му достави Информација за најновата состојба по сите преземени активности, со преглед на радиостаниците кон кои се преземени мерки.

Според Информацијата доставена до Советот, Републичкиот инспекторат[8], заклучно со 12 јули 1999 година, издал 113 решенија за забрана за вршење радиодифузна дејност, извршил 65 запечатувања на уреди или простории со помош на кои се вршела радиодифузна дејност, поднел 22 прекршочни пријави поради непридржување кон забраната за вршење радиодифузна дејност и осум кривични пријави поради отпечатување на запечатени уреди или простории.

Според податоците на Републичкиот инспекторат, по преземените мерки, само девет радиодифузери без концесија веќе воопшто не вршат радиодифузна дејност. Поголемиот број други радиодифузери без концесија и натаму емитуваат програма. Со тоа се оневозможува префрлувањето на легалните радио и телевизиски станици на фреквенциите што им се одредени со дозволата за набавка и поставување.

Очигледно е дека процесот на престанување со работа на дивите радиодифузери се покажа како долг и комплициран. Оние кои не учествуваа на двата конкурса не сакаа да го остварат своето право на аплицирање на конкурсите и продолжија со работа, провоцирајќи преземање на репресивни мерки, како што е запленување на опремата и сл. Треба да се укаже и на тоа дека во врска со прекршочните пријави се изречени најблагите можни мерки. Овие состојби заслужуваат да бидат анализирани и како илустрација за ефикасноста на функционирањето на правната држава. Од таа гледна точка, мерките што треба натаму да ги презема Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски ќе зависат и од ефикасноста на другите државни и судски органи.

Специфичен вид на непочитување на Законот е и појавата на диви кабелски радиодифузни мрежи. Советот за радиодифузија континуирано укажуваше и на проблемот со кабелската дистрибуција што ја вршат поголем број нелегални кабел-оператори. Во врска со ова, Советот упати и пошироко известување до јавноста и до граѓаните во кое ги информира за тоа дека ниту еден кабел-оператор нема одобрение за работа, ниту пак има согласност од производителите на програми, па според тоа сите договори за приклучок, односно претплата за ваквите кабелски мрежи може да се на штета на корисниците, бидејќи не постои гаранција дека “самоинсталираниот” кабелски оператор ќе добие концесија. Јавноста беше информирана и за тоа дека претстои распишување конкурс за доделување концесии за радио и телевизиски кабелски мрежи. Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски на Советот за радиодифузија не му достави информација за состојбата со нелегалните кабелски мрежи и за евентуално преземените мерки кон нивните сопственици.

Од изнесените податоци и информации, очигледно е дека Советот за радиодифузија, во рамките на своите законски надлежности, на проблемот со работењето на нелегалните радиодифузери и кабел-оператори му посветуваше посебно внимание, континуирано следејќи ја состојбата и укажувајќи им и барајќи од надлежните органи да ги преземат сите неопходни мерки и активности за ефикасно водење на постапката и за средување на вкупната состојба.

---

[8] Согласно со член 90 од Законот за радиодифузната дејност, трговските радиодифузни друштва што нема да добијат концесија за вршење радиодифузна дејност, ќе престанат со работа со завршувањето на постапката за доделување концесија. Постапката за нивното затворање е во надлежност на Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски. Информацијата на Републичкиот инспекторат доставена до Советот за радиодифузија е приложена кон Извештајот.

## §2. Распределба на средствата од радиодифузната такса наменети за финансирање на радио и телевизиски проекти од јавен интерес

Според Законот за радиодифузната дејност (член 77 став 1 алинеја 5), дел од средствата прибрани од радиодифузната такса - 10%, се наменети за создавање и емитување програми од јавен интерес за трговските радиодифузни друштва и за независните продуценти. Одлука за распределување на овие средства, на предлог на Советот, донесува Владата на Република Македонија врз основа на спроведена постапка за јавно огласување.

Паралелно со постапката за доделување концесии за вршење радиодифузна дејност, Советот ги вршеше сите подготовки за објавување на огласот за финансирање проекти од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва и независните продуценти. Иако во некои европски земји постојат одредени форми на поддршка на независната радио и телевизиска продукција, односно на проекти од јавен интерес, законските решенија и практика битно се разликуваат од оние во Република Македонија. Затоа Советот подготви и усвои Елаборат за операционализација на оваа проблематика во кој се содржани: Методологија за дизајнирање, планирање, реализација и евалуација на радио и телевизиски проекти од јавен интерес, Номенклатура на програмска ориентација и проекти од јавен интерес, Структурирање на проекти од јавен интерес и Нормативи за финансирање на продукцијата.

По завршувањето на постапката за доделување концесии, односно по конституирањето на трговските радиодифузни друштва, Советот за радиодифузија го утврди Предлогот на огласот за распределба на средствата од радиодифузната такса наменети за финансирање на радио и телевизиски проекти од јавен интерес, со придружната документација и на 8 октомври 1998 година го достави до Владата на Република Македонија[9].

Предлогот со измени на роковите за поднесување на пријавите и времето на одлучување за распоредување на средствата е обновен подоцна и е упатен до Владата на Република Македонија, во новиот состав, на 24 февруари 1999 година. Владата на седницата одржана на 9 март 1999 година, го прифати предлогот на Советот за објавување оглас за финансирање на радио и телевизиски проекти од јавен интерес со придружната документација и донесе Одлука за објавување на огласот ("Службен весник на Република Македонија" број 15/99).

На огласот се пријавија 100 субјекти со 543 проекти, и тоа:

- 75 трговски радиодифузни друштва со 481 проект
- 32 за радио со 236 проекти и
- 43 за телевизија со 245 проекти.
- 25 независни продуценти (претпријатија, трговски друштва и установи регистрирани за производство на филмови и други аудиовизуелни дела и за издавање снимени медиуми) со 62 проекти.

Во функција на подготвување на предлогот, Советот формираше Комисија составена од еминентни творци и научни и стручни работници. Ценејќи ги пријавените проекти врз основа на условите и критериумите утврдени во Огласот и тендерската документација, а имајќи ги предвид мислењето и оцените за проектите содржани во извештајот на Комисијата, Советот утврди Предлог за финансирање на 190 радио и ТВ проекти од јавен интерес.

[9] Предлогот не можеше да биде доставен порано, бидејќи трговските радиодифузни друштва како можни корисници на средствата се уште не беа конституирани како правни субјекти (основани и регистрирани).

Од предложените проекти за финансирање, 175 проекти се проекти пријавени од трговски радиодифузни друштва, а 15 проекти од независни продуценти. Според видот на продукцијата, структурата на предложените проекти е следната:

- играна продукција - девет проекти;
- документарна продукција (документарен филм и емисии, образовни емисии и серии, репортажи, патеписи и записи) - 157 проекти;
- музички и мултимедијални проекти - 17 проекти и
- други радио и телевизиски проекти - седум проекти.

При утврдувањето на предлогот, Советот ги имаше предвид следниве критериуми:

- изворност и автентичност на темата и креативност при нејзиното реализи-рање, оригинален режисерски пристап и заложба за истражувачки визуелен или аудио израз;
- задоволување на јавниот мултикултурен интерес на граѓаните, на што упатува член 78 став 2 од Законот за радиодифузната дејност;
- да се поддржат поголем број субјекти и да се обезбеди жанровска разновидност на проектите и
- да се поддржи, односно да се поттикне рационална и економична радио и ТВ продукција.

Предлагајќи ги проектите за реализација, Советот оцени дека изборот што е направен ќе ги задоволи интенциите за добивање квалитетни радио и ТВ програми, за поддржување и поттикнување на трговските радиодифузни друштва за подигнување на квалитетот на програмите и за поттикнување на радио и телевизиското творештво.

Имајќи го предвид одзивот на радиодифузните субјекти на огласот, бројот на понудените проекти, тематската ориентација и разновидност на проектите, како и фактот што радио и телевизиските организации кои учествуваат со свои проекти на огласот сé уште се млади куќи од аспект на радио и ТВ продукцијата, кои за прв пат се соочуваат со сложените и многустрани аспекти на оваа проблематика, Советот оцени дека во целина огласот се покажа како мошне успешен зафат.

Фактот што речиси сите трговски друштва и независни продуценти што се пријавија на огласот понудија голем број квалитетни и инвентивни проекти, говори за тоа дека во Македонија постои голем креативен потенцијал за нова аудиовизуелна продукција на кој мора да му се даде поширок поттик и кој мора да биде соодветно вреднуван. Спроведувањето на огласот, односно доделувањето средства од радиодифузната такса на голем број трговски радиодифузни друштва и на одреден број независни продуценти е потврда за тоа дека таквиот поттик и грижа за аудиовизуелната продукција и за развојот на новите електронски медиуми во Република Македонија веќе постојат.

Македонија е една од ретките земји во транзиција која дава ваква материјална поддршка на новите електронски медиуми. Од донесувањето на Законот, заклучно со декември 1999 година, ќе се акумулираат и ќе бидат распоредени околу 200 милиони денари (или 7 милиони дем) средства наменети за финансирање на продукцијата на нови аудиовизуелни проекти.

Искуствата од спроведувањето на огласот, Советот ќе ги синтетизира до септември 1999 година и со нив пошироко ќе ја запознае и Владата на Република Македонија. Ова прво искуство ќе претставува основа за дизајнирање и на идните огласи. Наредниот оглас за финансирање проекти од јавен интерес, Советот планира да го подготви и да ѝ го предложи на Владата за усвојување кон крајот на септември, односно во почетокот на октомври 1999 година. Со овој оглас ќе се предложи распоредување на средствата од радиодифузната такса, собрани од воведувањето на радиодифузната такса до крајот на 1998 година (што останаа нераспоредени) и собраните средства во првите девет месеци на 1999 година.

## §3. Мониторинг на програмите и истражувања на публиката

По завршувањето на постапката за доделување на концесиите, во септември 1998 година, Советот за радиодифузија започна со редовно следење на остварувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност поврзани со создавањето и емитувањето на радио-телевизиските програми, што произлегува од неговата позиција и обврски утврдени со Законот за радиодифузната дејност (член 83).

### 3.1. Мониторинг на програмите на електронските медиуми за време на парламентарните избори '98

Потребата да се организира мониторинг на програмите на електронските медиуми за време на парламентарните избори во 1998 година, произлезе од значењето на изборите како политички настан, но и од улогата што на Советот за радиодифузија му е дадена со Законот за радиодифузната дејност (член 83 од Законот). Обврската на Советот за радиодифузија во однос на следењето на програмите на електронските медиуми, особено за време на изборниот процес, произлегува од суштината на постоењето на регулаторните радиодифузни тела: да се грижат за обезбедување и за натамошно поттикнување на слободата и плурализмот во информирањето и за гарантирање на независноста на уредувачката политика на електронските медиуми, во функција на задоволувањето на јавниот интерес, односно на заштитата на интересите на граѓаните, т.е. гледачите и слушателите. Освен тоа, за новиот приватен радиодифузен сектор кој штотуку беше легално конституиран, парламентарните избори реално се јавија и како своевиден тест на нивниот професионализам, објективност и непристрасност во известувањето.

Советот за радиодифузија пред започнувањето на изборната кампања донесе посебни Препораки за програмите на електронските медиуми за време на изборите. Целта на препораките беше да придонесат да се обезбеди избалансирано и непристрасно медиумско покривање на изборите, упатувајќи ги електронските медиуми пред се на уредувачката независност и слободата во информирањето. Во препораките на Советот поконкретно и подетално беа елаборирани општите законско-нормативни обврски во зависност од специфичната улога на одделните електронски медиуми, а беа дадени и конкретни упатства при подготвувањето на одделни видови емисии. Во препораките се вградени одредби чија основа се уставните одредби, но и меѓународните конвенции и договори, како и искуствата на развиените демократии. При изработувањето на препораките Советот оствари соработка со Меѓународниот центар против цензура - Артикл 19, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ и Националниот демократски институт од Вашингтон. Препораките спаѓаат во новиот вид регулатива на независните регулаторни тела (какво што е и Советот за радиодифузија), што е веќе практика во регулирањето на оваа сфера во европските демократски општества.

Посебно значајна соработка за време на мониторингот на изборите беше остварена со Европскиот институт за медиуми од Диселдорф, со кој е потпишан и Договор за долгорочна соработка. Во рамките на оваа соработка, на мониторинг мисијата на Европскиот институт за медиуми Советот ѝ понуди логистичка поддршка, а беа остварени и повеќе работни средби и состаноци со експертите и членовите на мониторинг мисијата на Европскиот институт, на кои се разговараше за промените во македонското медиумско опкружување, улогата на електронските медиуми во медиумското покривање на кампањата, позицијата на Советот за радиодифузија, научно-истражувачката методологија на мониторингот и друго. Во контекстот на оваа соработка, во Завршниот извештај од мониторингот на медиумското покривање на парламентарните избори во Република Македонија во 1998 година на Европскиот институт за медиуми, се вградени и мислењата и забелешките на Советот за радиодифузија.

Целокупниот проект на Советот се состоеше од две задачи: (1) мониторинг на програмите на електронските медиуми, со цел да се добијат објективни показатели за сите аспекти на медиумското покривање на кампањата од страна на електронските медиуми (реализиран од стручен тим во Советот за радиодифузија) и (2) истражување на мислењето на граѓаните за начинот на кој електронските медиуми ја покриваа кампањата (реализирано, врз основа на јавен конкурс, од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје).

Во текот на мониторингот беа набљудувани програмите каналите на јавниот сервис на национално ниво (Македонската телевизија и Македонското радио), на приватните трговски радиодифузни друштва на територијата на РМ (А1 телевизија, Сител и Канал 77), на локалните јавни радиодифузни претпријатија (Прилеп, Куманово, Гостивар, Тетово, Битола, Штип), како и на 17 приватни телевизиски и шест приватни радиостаници на локално ниво (Скопје, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп и Штип).

Цел на овие проекти беше и емпириски да се вреднува правната рамка во која делуваат електронските медиуми од аспект на нејзината конзистентност и ограничувачките фактори за слободното функционирање на радиодифузниот пазар. Резултатите од двата проекти дадоа интегрална слика за она што се случуваше во македонскиот етер за време на изборите и основа за извлекување низа оценки и согледувања. Исто така, мошне важно е да се истакне дека показателите од мониторингот во голема мера кореспондираат со резултатите од истражувањето на мислењето на гледачите и слушателите. Преку споредбата на резултатите од овие два проекти, добиени се мошне значајни сознанија за демократското опкружување во кое се одвиваа изборите, за улогата и придонесот на електронските медиуми во демократското одвивање на изборниот процес, за професионализмот, објективноста и непристрасноста на одделни медиуми во текот на медиумското покривање на кампањата, како и за мислењето и довербата на гледачите и слушателите во она што медиумите го презентираа како своја слика на изборната кампања и политичките субјекти што учествуваа во неа.

Резултатите послужија да се извлечат согледувања и за неконзистентноста и слабостите во правната рамка што претставува основа на изборниот процес, од аспект на дефинирањето на улогата и обврските на електронските медиуми. Врз основа на овие согледувања, Советот за радиодифузија упати мислење до Министерството за правда во врска со потребата од преиспитување на одделни решенија во изборната регулатива.

### 3.2. Мониторинг групи од слушатели и гледачи

Со цел да се обезбеди систем на редовно следење на мислењата на публиката - слушателите и гледачите за радио и телевизиските програми, Советот за радиодифузија воспостави мрежа од мониторинг групи на гледачи и слушатели во 31 град низ Републиката, со вкупно 320 члена. Мониторинг групите се помошни консултативни тела на Советот за радиодифузија во однос на програмите на електронските медиуми.Членовите на овие групи, кои работат на доброволна основа, се претставници на голем број граѓански асоцијации, друштва и движења, како и на професионални здруженија од Републиката.

Со цел да се поттикне работата на овие групи и да им се дадат насоки за начинот на кој треба да се следат програмите, со сите групи се одржани конститутивни состаноци на кои присуствуваа и членови на Советот за радиодифузија. На овие состаноци членовите на групите беа запознаени со нивната улога и задачи како помошни консултативни тела на Советот во следењето на програмите, а беа покренати и одделни актуелни теми во врска со квалитетот на програмите што се емитуваат на електронските медиуми. Во текот на овој период, се одржани и две заеднички средби со координаторите на мониторинг групите (декември 1998 и јуни 1999 година), на кои се разговараше за практични прашања со кои се соочуваат групите во текот на нивната работа, а им беа

дадени и конкретни насоки за натамошното работење, во вид на Упатство за следење на радио и телевизиските програми на електронските медиуми.

Позитивните резултати од овие нови облици на доброволно ангажирање на гледачи и слушатели се покажаа мошне брзо по нивното конституирање. Најголем дел од мониторинг групите започнаа редовно да одржуваат свои средби на кои разговараа за квалитетот на програмите што се емитуваат во Републикава и во нивното подрачје и за своите мислења, заклучоци и сугестии редовно го информираа Советот за радиодифузија. Во укажувањата до одредени радиодифузери, за прекршувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот се повикува и на извештаите, односно оцените на мониторинг групите.

Мислењата на членовите на мониторинг групите Советот редовно ќе ги сумира и по пат на анкета, која започна да се спроведува во текот на јуни 1999 година. Со резултатите од анкетата Советот редовно ќе ги информира и електронските медиуми, со цел тие да се запознаат со мислењето на гледачите и слушателите за нивните програми.

Мошне важно е да се истакне дека мислењата и иницијативите на мониторинг групите, што се резултат на овој прв период од нивното работење, претставуваа драгоцено сознание и основа за градење на ставовите и одлуките на Советот за радиодифузија во текот на сите негови активности. Значајно е да се истакне и тоа дека делот од националниот извештај на Советот за радиодифузија, презентиран на состанокот на Европската платформа на регулаторните тела, во мај 1999 година, предизвика интересирање кај претставниците на англиското (ITC), како и на други регулаторни тела.

### 3.3. Мониторинг на програмите на електронските медиуми

Следењето на остварувањето на законските одредби што се однесуваат на создавањето и емитувањето на програмите Советот го спроведува и преку редовен мониторинг на програмите на електронските медиуми. За таа цел, Советот оствари низа активности меѓу кои: анализа на неделната програма на електронските медиуми, следење и анализа на одделни програмски сегменти во однос на прекршувањето на одделни законски одредби (за рекламирањето, насилството, јазикот на програмата итн.), контакти со концесионерите и со јавните радиодифузни претпријатија, формирање база на податоци за програмите на радиодифузерите и друго.

<u>Следење на жанровската разновидност и структурата на програмата</u>

Жанровската разновидност и структурата на програмата се следи преку анализа на неделната програма на трговските радиодифузни друштва и јавните радиодифузни претпријатија. Методолошки, оваа постапка се состои во снимање, мерење и анализа на жанровската структура, јазикот на кој се емитува програмата, застапеноста на програми од сопствено производство, процентот на рекламирање во програмата и други аспекти поврзани со остварувањето на законските обврски. Целта на ваквите анализи е да се согледа структурата на програмата на соодветниот електронски медиум, што потоа служи при оцена на програмскиот дел на доделената концесија на трговските радиодифузни друштва, односно при оцената на остварувањето на функциите на јавните радиодифузни претпријатија. Поради обемноста и комплексноста на ваквата анализа, досега се анализирани програмските шеми само на поголем број трговски радиодифузни друштва и јавни радиодифузни претпријатија.

Следење на посебни програмски сегменти од аспект на остварувањето на одделни законски одредби

Во редовниот мониторинг на Секторот за програма спаѓа и повременото следење, снимање и анализа на содржината на одделни програмски сегменти на некои од електронските медиуми во контекст на остварувањето на нивните законски обврски. Врз основа на таквата анализа досега се следени програмите на поголем број електронски медиуми на кои им се упатувани укажувања и предупредувања во врска со констатираните отстапувања од законските обврски. На пример, такви отстапувања досега најмногу беа констатирани во врска со законските одредби за рекламирањето (забраната за емитување телешоп на јавниот сервис, забраната за емитување реклами на алкохол, за прекинувањето на спортските преноси со реклами, за емитувањето реклами во вести и информативни емисии итн.). За таа цел беа одржани повеќе средби со електронските медиуми кај кои беа забележани поголеми отстапувања. Укажувајќи на констатираните прекршувања, Советот се изјасни дека во првата фаза нема да покренува постапка за санкционирање со парични и други казни. Исто така, укажа дека сферата на рекламирање може да биде почеток на воведување модел на само-регулација, т.е. област во која двата сектори можат да се договорат за воспоставување фер, лојални и респектибилни правила за однесување на пазарот.

Посебен програмски сегмент што беше следен од страна на Советот, од аспект на остварувањето на член 43 од Законот за радиодифузната дејност, е прашањето на реемитување на странските програми[10]. Уште пред донесувањето на Законот за радиодифузната дејност, најголем дел од радиодифузните организации имаа обичај да реемитуваат странски програми што пополнуваа големи временски блокови во нивните програмски шеми, олеснувајќи си го на тој начин работењето, без вложување дополнителни средства и ангажирање на сопствените новинарски и програмски капацитети.

Веднаш по доделувањето на концесиите, Советот започна со воспоставување систем на редовно следење на радио и телевизиските програми, од аспект на усогласување на програмите на радиодифузните организации со одредбите од Законот. Една од првите задачи, во таа смисла, беше да се прекине со недозволеното реемитување сателитски и емитување пиратски програми во етерот. Во врска со ова прашање Советот за радиодифузија на сите радиодифузни организации им упати и општо обраќање во кое им укажа на неправилноста во работењето и на потребата да го усогласат своето работење со законските одредби.

Советот усвои и посебен документ - Критериуми за емитување, односно реемитување странски програми и заземе став дека при одлучувањето на поединечните барања за реемитување странски програми, треба првенствено да се имаат предвид програмските услови што треба да ги задоволуваат радиодифузните организации, согласно со Законот и договорот за концесија. Критериумите се засниваат врз начелата за слободата на изразувањето и информирањето и за слободниот проток на информациите. Во нив се вградени и меѓународните обврски на Република Македонија во однос на преземањето на сите неопходни мерки за заштита на авторските, изведувачките и другите сродни права на интелектуалната сопственост, како и за попречување на пиратството во радиодифузијата на што, меѓу другото, ја обврзуваат и документите од Министерската конференција на Советот на Европа, одржана во Солун, во декември 1997 година.

Критериумите за емитување и реемитување странски програми ги елаборираат постојните одредби од Законот и одредбите од Директивата “Телевизија без граници”. Изработката на Критериумите произлегува и од потребата за имплементирање на регулативната функција на Советот, како и од сознанието оваа сфера во иднина повеќе

[10] Според член 43 од Законот “радиодифузните организации можат да емитуваат странски програми повремено, само доколку имаат договор со странскиот емитувач на односната програма, а по претходна согласност на Советот”.

да се обликува преку нови облици на регулатива (препораки, насоки, критериуми и сл.), во насока на трендот на дерегулација на сферата на радиодифузијата и телекомуникациите што веќе се остварува во европските земји.

### 3.4. Воената и хуманитарната криза во регионот и однесувањето на медиумите

За време на воените конфликти и хуманитарната криза во регионот (од 24 март до 15 јуни 1999 година), во рамките на мониторингот, посебно внимание беше посветено на одделни аспекти на програмите на електронските медиуми поврзани со известувањето за војната и за настаните на Косово. Оцените на Советот за информирањето на медиумите во текот на овој период се резултат на сознанијата добиени од редовниот мониторинг на програмите, како и на укажувањата на членовите на мониторинг групите од слушатели и гледачи.

Согледувајќи ги состојбите поврзани со информирањето на одделни електронски медиуми за настаните што му претходеа на конфликтот и можните импликации од таквиот начин на информирање, Советот за радиодифузија на својата прес конференција од 22 март 1999 година, јавно реагираше на начинот на информирање на одделни електронски медиуми и притоа укажа на потребата внимателно, објективно, аргументирано и избалансирано да се известува за сите настани поврзани со разрешувањето на кризата, водејќи сметка за нејзиното евентуално влијание, односно можно прелевање во Македонија. Во овој контекст посебно беше укажано на начинот на информирање на Сител телевизија, во коментарите изнесени во дневно-информативните емисии и во емисијата “Профил”од 15 март 1999 година, во која на воено-политички коментатор од друга земја му беше овозможено да ги толкува и определува интересите на македонската јавност, па дури и да ги поттикнува граѓаните на РМ на резервираност кон политиката на сопствената држава.

На 25 март 1999 година, во согласност со своите законски овластувања, Советот упати и посебно обраќање со насоки до сите електронски медиуми. Во нив Советот им укажа на одговорната улога во информирањето за актуелните настани и на потребата сериозно, внимателно и одговорно да ги пласираат информациите со цел да се сочува мирот, спокојството и сигурноста на граѓаните на Република Македонија. Беше нагласена сериозноста на ситуацијата и потребата во јавноста да не се создава дополнителна конфузија, паника и вознемиреност со емитување тенденциозни, пропагандни и сензационалистички информации и информации со кои се создава атмосфера на дефетизам и неизвесност. Советот посебно укажа дека е неопходно во информирањето да се афирмираат мерките што ги преземаат надлежните државни органи, особено во врска со спроведувањето на заклучоците на Собранието на Република Македонија од 24 март 1999 година, што се однесуваат на актуелната ситуација.

На 25 март 1999 година, Советот упати и посебно укажување на ТВ 96, која во првите два дена од интервенцијата на НАТО (на 24 и 25 март) целосно ја укина сопствената програма и се вклучи во сателитската информативна програма на РТ Србија. На оваа телевизија и беше укажано на отстапувањата од законските обврски и од декларираната програмска шема. Со оглед на фактот што оваа телевизија и покрај натамошните укажувања не го усогласи своето работење согласно со законските одредби, Советот и изрече мерка по основа на надзор (упатување на инспекциски надзор со опомена за покренување постапка за одземање концесија). При извршениот инспекциски надзор, на 26 март 1999 година, на оваа телевизија и е укажано дека доколку и натаму постапува спротивно на законските одредби, од страна на Советот за радиодифузија ќе биде покрената постапка за одземање на концесијата.

Во првите денови на конфликтот, одредени медиуми, за настаните во СР Југославија и на Косово, јавноста ја информираа претежно преку реемитување информативни емисии на сателитските програми наРТ Србија и РТ Албанија. На сите овие медиуми, Советот за радиодифузија им упати посебни писмени укажувања.

Карактеристично е што големиот број телевизии во првите денови сопствената програма ја подредија на реемитување информативни емисии и цели програмски појаси од странски телевизиски станици, без превод (што е спротивно на член 46 од Законот за радиодифузната дејност). Советот, во врска со ова, на сите електронски медиуми им укажа дека, согласно член 46 од Законот за радиодифузната дејност, целокупната програма што ја емитуваат треба да е на македонски јазик и на јазиците на националностите. Меѓутоа, освен изборот од сателитската програма во специјалниот термин на Првата програма на МТВ, на другите телевизиски канали, странските програми се емитуваа најчесто без превод. При ова, Советот ги имаше предвид и укажувањата за необјективноста во некои информации што беа емитувани на некои од водечките светски сервиси во прикажувањето на решавањето на кризата со бегалците. Советот оцени, исто така, дека отсуството на јасна уредувачка политика и критериуми при преземањето на странските програми, може да придонесе за создавање атмосфера на вознемиреност, страв и недоверба меѓу граѓаните и дека одговорноста за тоа не паѓа врз тие кои ги емитуваат туку врз оние кои механички ги преземаат странските програми. Советот посебно укажа и на тоа медиумите да водат грижа во сопствените информативни и други емисии, како и во оние преземени од други медиуми, да не емитуваат содржини со кои може да се поттикнува национална и верска нетрпеливост.

Реемитувањето на странските информативни програми за време на овој период покажа, прво, дека одреден број радио и телевизиски станици немаат програмска шема, а особено дека немаат сопствени информативни емисии со кои публиката ја информираат и за настани од локалното подрачје. Посебно треба да се има предвид фактот што Советот за радиодифузија во ниеден момент не бараше овие станици да не ги користат споменатите странски информативни емисии на соседните земји како извор на информирање во сопствените информативни програми, ниту пак им укажуваше во каков обем да ги користат тие извори. Во укажувањата акцентот беше ставен на тоа дека треба да подготвуваат сопствени дневно-информативни емисии и со овие извори да постапуваат како со сите други извори на информирање, при што треба да бидат свесни дека самите ја имаат уредувачката одговорност за она што го емитуваат.

## 3.5. Истражување на публиката и програмите

Како независно регулаторно тело кое ги претставува интересите на граѓаните, Советот за радиодифузија во својата работа и во градењето на своите одлуки во голема мера треба да се потпира врз резултатите од истражувањата на мислењето на публиката за програмите на електронските медиуми. Искуствата од работата на сличните регулаторни тела во Европа, укажуваат на тоа дека резултатите од истражувањата на публиката редовно се користат во оцената на остварувањето на концесиите на приватните радиодифузери. Во таа смисла и Советот за радиодифузија во иднина ќе се потпира врз податоците од истражувањата на гледаноста и слушаноста и врз мислењето на гледачите и слушателите за програмите на концесионерите, како составен елемент на оцената за задржување и продолжување на концесијата.

Одделни свои проекти Советот ги реализира и преку истражувања и анализи на програмите што се емитуваат (одделни социолошки, социо-психолошки и лингвистички аспекти во програмите). Сознанијата од овие проекти, исто така, ќе се инкорпорираат во конкретните мерки и активности што Советот ќе ги презема за подигнување на квалитетот на програмите.

Во текот на изминатиот период беа реализирани и во фаза на реализација се следниве истражувачки проекти:

- Истражување на гледаноста на ТВ станиците - завршени се подготовките за истражувањето што треба да се реализира во септември 1999 година. Истражувањето ќе се реализира на репрезентативен примерок, на територијата на цела Македонија, врз основа на пополнување на т.н. дневник на гледаност. Целта на оваа студија е да се добијат прелиминарни показатели за гледаноста на ТВ станиците и да се согледаат можностите за воспоставување редовни

мерења на гледаноста во Македонија. Истражувањето ќе го реализира Лабораторијата за истражување на публиката при Советот за радиодифузија;

- Истражување на слушаноста на радиостаниците: завршени се подготовките за истражувањето на слушаноста на радиостаниците, што ќе се реализира како единствен истражувачки зафат, заедно со истражувањето на гледаноста на телевизијата. Целта и на ова истражување е да се добијат првични покзатели за слушаноста на радиостаниците и да се согледаат можностите за редовни испитувања на слушаноста;
- Анкета со членовите на мониторинг групите: анкетата ќе ги опфати 320 члена на мониторинг групите и ќе се реализира во текот на јули и август, а нејзина цел е да се добијат систематизирани сознанија за мислењата на гледачите и слушателите за одделни аспекти на програмите на електронските медиуми;
- Анализа на содржината на одделни типови телевизиски програми и интервјуа со фокусни групи, што ќе се спроведе во рамките на поширокиот проект “Културата и телевизијата”- завршени се подготовките за анализата и интервјуата што ќе се реализираат во текот на септември, октомври и ноември 1999 година;
- Анализа на содржината на одделни типови телевизиски програми и разговори со фокусни групи, што ќе се спроведе во рамките на поширокиот проект “Насилството во телевизиските програми” - завршени се подготовките за анализата и интервјуата што ќе се реализираат во текот на октомври и ноември 1999 година и
- Советот за радиодифузија го поддржа истражувачкиот проект “Македонската медиумска публика”, што го финансира Европската комисија, а ќе се реализира од страна на Медиумската лабораторија при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

### 3.6. Комисија за претставки од гледачи и слушатели

Комисијата за претставки од гледачи и слушатели , како помошно тело на Советот за радиодифузија, во текот на изминатиот период ја започна работата и оствари извесни активности. Одржани се неколку седници на кои се разгледани повеќе претставки од гледачи и слушатели. Комисијата постапи по доставените претставки за кои беа информирани Советот за радиодифузија и соодветните органи при Министерството за сообраќај и врски, со цел да се преземат соодветни мерки. Причината што во текот на овој период ова тело на Советот немаше особено интензивна активност е тоа што начинот на комуницирање со ваквите тела преку писмени обраќања се уште не заживеал во нашата средина.

Мошне е значајно да се одбележи дека во извештајниот период, а особено во март, април и мај, во Советот за радиодифузија имаше огромен број телефонски јавувања на гледачи и слушатели во врска со различните аспекти на програмите на електронските медиуми. Сознанијата за мислењата на граѓаните добиени со ваквата комуникација беа значаен индикатор за Советот. Меѓутоа, поради карактерот на комуникацијата (јавувањата се обично од граѓани кои сакаат да останат анонимни), ваквите обраќања немаат карактер на претставки и не можат да влезат во процедура преку Комисијата за претставки.

Неопходно е во иднина граѓаните, односно гледачите и слушателите пошироко да се информираат за можноста во врска со сé она што ги засега во областа на радиодифузната дејност, да се обраќаат до ова тело и до Советот.

### 3.7. Активности поврзани со употребата на јазикот

Советот за радиодифузија започна соработка со Советот за употреба на македонскиот литературен јазик при Владата на РМ. Согледувањата и мислењата на мониторинг групите што се однесуваат на употребата на јазикот во програмите редовно му се доставуваат на Советот за употреба на македонскиот литературен јазик.

Како резултат на соработката, со цел да се подигне квалитетот на јазикот во програмите што се емитуваат покрената е иницијатива со трговските радиодифузни друштва да се разговара за можно ангажирање на лектори.

# §4. Земска, кабелска и сателитска радиодифузија и воведување нови технологии

## 4.1. Состојба во терестријалните мрежи

На територијата на Република Македонија постојат мрежите и станиците на јавната радиодифузија и на трговските радиодифузни друштва. Сервисирањето на програмите на јавната радиодифузна организација Македонска радио-телевизија се остварува преку мрежите на јавното претпријатие Македонска радиодифузија. Покриеноста на населението со програмите е ваква:

| | |
|---|---|
| - Прва радио програма во SB подрачје | 99% |
| - Трета радио програма во SB подрачје | 50% |
| - Прва радио програма во UKB/FM подрачје | 73% |
| - Втора радио програма во UKB/FM подрачје | 72% |
| - Трета радио програма во UKB/FM подрачје | 33% |
| - Прва телевизиска програма | 96% |
| - Втора телевизиска програма | 94% |
| - Трета телевизиска програма | 50% |

Од претходното може да се заклучи дека одреден процент население не е во можност да ги следи радио и телевизиските програми на јавниот национален радиодифузер. Неопходно е натамошно проширување на постојните мрежи со примена на можностите што ги нудат новите технологии.

Јавната локална радиодифузија емитува програма од 29 станици лоцирани во општинските центри според поранешната административна поделба на државата. Исклучок од ова е главниот град Скопје кој нема сопствена локална станица. Се емитуваат локални радио програми во сопственото подрачје, а девет од овие станици започнаа со емитување и на телевизиски програми. Покриеноста со радио програми во средноброновото подрачје го опфаќа целото население во општината, додека во UKB/FM подрачјето, во зависност од конфигурацијата на теренот, не се постигнува целосна покриеност.

Со новата административна поделба на територијата на државата се создадени 123 општини. Во поглед на покривањето на новоформираните општини со локални радиодифузни сервиси се јавуваат две тенденции. Едната е заеднички пристап на сите општини од поранешното општинско подрачје во прераснувањето на постојната локална станица во мрежа во UKB/FM подрачје, со која ќе се допокрие целата територија. Втората е барање од новоформираните општини за основање посебни локални радиодифузни станици. Но, со оглед на фактот што фреквенциите се ограничен природен ресурс, не е можно таквите барања технички да се реализираат во сите подрачја на државата.

По спроведениот конкурс за добивање концесии за радиодифузна дејност од страна на Советот за радиодифузија, во првата половина на 1998 година, 127 трговски радиодифузни друштва потпишаа договор за концесија со Владата на Република Македонија. Три од нив остваруваат покривање со сопствени програми на национално ниво преку две телевизиски и една радио мрежа. Мрежите се во фаза на дореализација и до крајот на 1999 година треба да го достигнат законскиот минимум за покривање на 70% од населението во Македонија.

Од трговските друштва што остваруваат локално покривање 72 се радио, а 52 телевизиски станици. Најголем број од нив речиси целосно го покриваат подрачјето за кое добиле концесија. Може да се заклучи дека интересот на трговските радиодифузни друштва за емитување сопствени програми е особено изразен во поголемите градови во централна и во западна Македонија, додека во источниот дел интересот е значително помал. Заради урамнотежување на густината на станиците на целата територија на државата, Советот ќе распишува нови конкурси за доделување концесии за подрачјата каде што тие не се искористени.

## 4.2. Развој на кабелската дистрибуција на радио и ТВ програмите

Кабелските мрежи во Европа наоѓаат широка примена во изминатите две децении. Пенетрацијата во некои земји е над 90% од вкупниот број домаќинства (Белгија, Холандија, Швајцарија), додека во други е на ниво од 10% и помалку (Шпанија, Полска, Португалија). Во овој момент, над 40 милиони претплатници во Европа се приклучени на кабелски радиодифузни мрежи, од кои само во СР Германија над 17,3 милиони.

Кабелските радио-телевизиски мрежи не треба да се сфатат само како инфраструктура за радиодифузните сервиси, туку како широкопојасни комуникациски системи со висок квалитет, што може да обезбедат и телекомуникациски, мултимедиумски и други локални сервиси.

Во Македонија постојат добри технички претпоставки за реализација на мрежи на национално ниво, бидејќи веќе е поставена оптичка мрежа во должина од над 1.000 километри, која обезбедува меѓумесно поврзување. Месните мрежи се на стартот на реализацијата, од што произлегува дека е неопходна изградба на потполно нови мрежи на локално ниво.

Како подготовка за распишување конкурс за концесии за изградба на кабелски радиодифузни мрежи, поради отсуство на правилници и други акти со кои подетално се регулира оваа сфера, на иницијатива на Советот, во октомври 1998 година, е формирана експертска група за изготвување предлог на правилник за техничките параметри за реализација на мрежите. Членовите на групата, во декември 1998 година, изготвија Правилник што потоа беше даден на усогласување во Министерството за сообраќај и врски и Министерството за урбанизам и градежништво.

Групата достави предлог до Заводот за метеорологија и стандардизација при Министерството за стопанство за формирање посебна група која ќе започне со иновирање на постојните технички стандарди и процедурата на атести на опремата и мрежите. Предлогот е прифатен и групата, во која има и претставник на Советот за радиодифузија, веќе започна со работа.

Покрај правилникот во Советот за радиодифузија се изготвени и материјали за тендерска документација во кои се содржани: (1) согледувања за прашањата што треба да се дефинираат и за кои треба да се одредат компетенциите пред распишувањето на конкурсот, (2) елементите што би требало да се вклучат во договорите за доделување концесии, како и (3) можните критериуми за избор на носителите на концесии.

По усвојувањето на Правилникот Советот ќе може да пристапи кон распишување на конкурс за концесии за кабелска телевизија.

## 4.3. Примена на новите технологии и програмските радиодифузни сервиси во дигиталната ера

Конвергенцијата на телекомуникациите, радиодифузијата и информациите претставува актуелен глобален процес. Дигитализацијата во сателитската и кабелската радиодифузија во развиените земји е воведена во последните неколку години, а изминатата 1998 година го означи и почетокот на воведување терестеријална (земска) радиодифузија во Европа. Дигитализацијата не е само технолошка иновација, туку и можност за воведување многу нови програмски содржини (мултимедиумски, интерактивни сервиси и сл.).

За воведување на дигиталната терестријална радиодифузија во Република Македонија неопходно е да се изработи документ за стратегија за нејзина имплементација. Составен дел на документот треба да биде сценариото за нејзино воведување, со точно дефинирање на роковите, подготвителните активности и нивните носители.

Со цел да се согледаат можностите што ги нуди примената на новите дигитални технологии во радиодифузијата, како и да се анимираат сите заинтересирани субјекти

за оваа проблематика, во јануари 1999 година, Советот за радиодифузија одржа дводневно меѓународно советување на тема “Примената на новите технологии и програмските радиодифузни сервиси во дигиталната ера”. Советувањето се состоеше од три работни сесии: (1) Дигитализацијата и нејзиното влијание на радиодифузијата, (2) Стратегија за воведување земска дигитална радиодифузија и (3) Аудиовизуелната политика, регулациските и програмско-културните аспекти.

Презентери на советувањето беа експерти од Меѓународната унија за телекомуникации од Женева, Европскиот институт за медиуми од Диселдорф и Еврпската радиодифузна унија, како и научни и стручни работници од Македонија. На советувањето учествуваа околу 150 претставници на трговски радиодифузни друштва, јавни радиодифузни претпријатија, како и претставници од повеќе министерства, јавни институции и научно-истражувачки организации.

## 4.4. Македонија и сателитската комуникација

Советот за радиодифузија одржуваше редовна комуникација со претставници на АД Македонски телекомуникации и надлежните државни органи во врска со реализацијата на сателитскиот телекомуникациски центар Нова Брезница. Со цел работите околу изградбата на овој центар да се одвиваат покоординирано, во октомври 1998 година, Советот организира заеднички состанок со сите заинтересирани субјекти (АД Македонски телекомуникации, Министерството за сообраќај и врски, Македонската радио-телевизија, Македонската радиодифузија, ИНПУМА и ЕТФ-Скопје). Во врска со сите преземени и реализирани активности, Советот до Владата на Република Македонија достави посебна информација.

Во април 1999 година, на иницијатива на Министерството за сообраќај и врски е одржан нов состанок со сите учесници во иницијативата, со цел да се дефинираат активностите во довршувањето на проектот. Во согласност со неговата позиција утврдена со Законот, Советот за радиодифузија може да оствари регулациска функција, односно утврдување на критериумите за пристап, програмските стандарди итн.

Советот беше еден од иницијаторите на активностите за зачленување на Република Македонија во сателитската телекомуникациска организација Еутелсат. Во рамките на оваа иницијатива, во Советот е одржана билатерална средба со претставници на Еутелсат, одржани се повеќе средби со надлежните државни органи, а до Владата на Република Македонија е доставена посебна информација.

## 4.5. Обезбедување квалитетен сигнал во сите населени места

Обезбедувањето и покривањето на територијата на државата со квалитетен радио и телевизиски сигнал е од мошне голем интерес за граѓаните на Република Македонија. Македонија досега градеше земска јавна радиодифузна мрежа, а и новоизградените приватни мрежи се земски. Од гледна точка на гледаноста, состојбата не е променета, бидејки новите предаватели се градени покрај постојните на јавната мрежа или во нивна непосредна близина. Единствено сигурно е дека е направено уште едно посегање врз природната средина и е зголемена густината на електромагнетното зрачење.

Пристапот на Советот кон ова прашање беше и стратешки и оперативен. Со Законот за радиодифузната дејност Советот е задолжен за изготвување програма за целосно допокривање на територијата со квалитетен сигнал. Меѓутоа, Советот смета дека треба да се напушти класичниот начин на третирање на оваа проблематика со градење земски предавателно-репетиторски мрежи. Потребно е да се испитаат можностите и да се предложат решенија за вклучување и на микробранови видео дистрибутивни системи, кабелска и сателитска радиодифузија. Ваквите согледувања се во согласност и со ставовите на Министерската конференција на Советот на Европа, одржана во Солун 1997 година.

Советот презема и повеќе конкретни активности. До Владата на Република Македонија, во декември 1998 година, е испратена детална информација за проблемите и пречките во приемот во некои недоволно покриени погранични подрачја. Во информацијата се изнесени и ставовите за можностите и начините за разрешување на овие проблеми и предложена е координација на фреквенциите според плановите “Женева 1984” и “Стохолм 1961”.

За оваа цел е формирана и заедничка комисија од претставници на Советот, Министерството за сообраќај и врски, ЈП Македонска радиодифузија и Институтот за просторно планирање на Република Македонија. Се планира програмата да биде подготвена во втората половина на 1999 година.

# §5. Креирање нов комуникациски пазар и мерки за поддршка на медиумите

## 5.1. Потенцијалите на новиот радиодифузен сектор

За развојот на вкупниот комуникациски пазар на Македонија, мошне значајна е појавата и подемот на големиот број нови приватни медиуми. Иако, поради кусото време од легализирањето на овој сектор, нема прецизни податоци за бројот на вработените, за остварениот приход и неговата структура, за трошоците на работењето итн., сепак може да се говори за претпоставките на неговата натамошна експанзија. Од вкупната поддршка што државата му ја дава на јавниот и на приватниот радиодифузен сектор ќе зависи дали овие два сектори и натаму ќе може да креираат работни места, да исплаќаат плати и даноци и да бидат и од друга економска полза за општеството[11]. Според податоците на Заводот за платен промет, вкупниот приход само на 93 субјекти од сферата на радиото и телевизијата (кои ги доставиле своите завршни сметки), во 1998 година изнесувал 1.173.028,00 денари. Меѓутоа овие податоци се нецелосни, бидејќи во моментов во Македонија освен Македонската радио-телевизија работат вкупно 156 радиодифузни субјекти (127 трговски радиодифузни друштва и 29 локални јавни радиодифузни претпријатија).

## 5.2. Услови во кои работеа радиодифузерите во минатиот период

Со доделувањето на концесиите започна и конституирањето на комуникацискиот пазар на електронските медиуми. Овој нов комуникациски пазар, во целина, се конституираше во услови на се уште недоволно креиран поширок пазар во Републиката. Во тие услови, штотуку создадениот млад радиодифузен пазар, легализирано (од септември 1998 година) своите први чекори ги правеше во исклучително сложени економски услови и во остра конкуренција за поголем удел во вкупната гледаност и слушаност, односно за поголем дел од рекламниот колач[12], како меѓу големиот број приватни радио и телевизиски канали, така и меѓу приватниот и јавниот сектор.

Карактеристичен пример за нелојалната конкуренција и состојбата на пазарот е формирањето на цените за рекламирање. Имено, цените за рекламирање се уште не се формираат според пазарни услови и според гледаноста, односно слушаноста на радио и телевизиските станици.

Фактор на влошување на условите на пазарот за новите концесионери беше и нелојалната конкуренција меѓу јавниот и приватниот радиодифузен сектор. Имено, во обидот да излезе од сопствената материјално-финаниска криза, јавната радиодифузија (и на национално и на локално ниво) во овој период често ги прекршуваше одредбите од Законот за радиодифузната дејност што се однесуваат на рекламирањето. Тоа пак, од своја страна, ги мотивираше и трговските радиодифузни друштва да ги прекршуваат законските одредби, со цел да остварат повеќе приходи од рекламирањето. Дополнителен фактор беше и нелојалната конкуренција меѓу радиото и телевизијата што произлегува и од самиот карактер на овие два медиуми, пред се, од техничките предности на телевизијата во однос на радиото. При определувањето за тоа каде ќе се рекламираат, на радиото или на телевизијата, комитентите најчесто се определуваат

---

[11] Искуството и практиката на развиените аудиовизуелни индустрии како во Европа, така и во Соединетите држави, говорат дека вработеноста во овој сектор се зголемува со повисока стапка одошто кај целокупната економија.

[12] Овие констатации не можат да се поткрепат со податоци затоа што: (1) во структурата на приходите што се евидентираат со годишните сметки нема посебна аналитичка позиција за приходи остварени по основ на реклама, пропаганда и спонзорство и (2) во даночните биланси расходите за реклама, пропаганда и спонзорство не се издвојуваат од расходите за репрезентација. Од друга страна, не се вршат редовни мерења на гледаноста и слушаноста, како основа за пресметување на уделот на секој медиум во вкупната гледаност и слушаност.

за телевизијата, особено доколку за ниска цена добиваат приближно еднаков квантитет на рекламирање. Овој факт во изминатиот период го користеа голем број телевизиски станици (и локални и национални), па така телоп-соопштенијата ги емитуваа по невообичаено ниски цени (приближно еднакви на цените за емитување рекламни пораки на некои радио станици) поради што, разбирливо, комитентите се определуваа повеќе за телевизиска отколку за радио реклама.

Имајќи ги предвид улогата на постојниот јавен радиодифузен сервис и потребата од развивање на новиот приватен сектор, Советот за радиодифузија, во изминатиот период, посветуваше континуирано внимание на креирањето поволни услови и на преземањето соодветни конкретни мерки за заживувување на новиот комуникациски пазар.

Во таа смисла, првата конкретна задача беше утврдувањето на висината на средствата за реклама што се вложуваат во сферата на електронските медиуми. За таа цел, Советот покрена иницијатива, преку неколку институции (Заводот за платен промет, Заводот за статистика, Управата за јавни приходи), да се започне со редовно евидентирање на средствата вложени и потрошени во реклама и спонзорство во сите видови медиуми, на тој начин што, во соодветните обрасци, од идната година ќе се предвидат посебни ставки за евидентирање на овие средства.

Советот, исто така, покрена иницијатива за воведување редовни мерења на гледаноста и слушаноста, со цел да се создаде т.н. единствена “медиумска валута”, или валидни податоци за уделот на секој медиум во вкупната гледаност и слушаност, како основа за фер и недискриминаторско привлекување на средствата по основ на реклами и спонзорство.

Советот смета дека во иднина оваа област треба да биде предмет на т.н. само-регулација во сферата на медиумите. Имено, самите медиуми, со цел да создадат извесни правила на фер однесување и лојална конкуренција, треба по пат на заедничко договарање да усвојат заеднички кодекс за деловно однесување и лојална конкуренција, со кој би ги регулирале прашањата од оваа сфера. Во овој кодекс заеднички би ја утврдувале висината на цените за рекламирање, условите под кои би ги давале на користење своите капацитети и други прашања од заеднички интерес.

Следно прашање, за кое во Информацијата доставена до Собранието на 24 март 1999 година, Советот за радиодифузија го информираше и Собранието на РМ е потребата од конзистентно законско регулирање на новите сервиси, имајќи ја предвид конвергенцијата во сферата на телекомуникациите, медиумите и информациите што е резултат на дигитализацијата. Во таа смисла, Република Македонија веќе треба да размислува за т.н. сценарио за дигитализација.

Тргнувајќи од искуствата на европските и други земји во кои се применуваат посебни мерки на поддршка на електронските медиуми, како облик на поттикнување на новиот комуникациски пазар, Советот за радиодифузија смета дека во мерките на тековната и развојната економска политика би можело да се изнајдат конкретни облици на директна и индиректна економска поддршка и погодности за работата на радиодифузните организации и тоа преку:

- обезбедување можности за воведување дигитална опрема преку кредитирање на увозот;
- намалување на царинските обврски при увоз на програми, опрема, резервни делови и репроматеријали;
- утврдување повластени цени за електрична енергија;
- повластени цени за патувањата на новинарите во градскиот, меѓуградскиот, железничкиот и авио-превозот;
- утврдување приоритетни цени во поштенските, телефонските и други телекомуникациски услуги;
- намалување на даноците за реклама на пониска стапка од сегашната;

- маркетингот да добие статус на инвестиционен трошок, односно негово одвојување од групата на угостителски услуги и репрезентација и
- програмите за образование-едукација на новинарите и другите медиумски кадри од приватниот сектор да бидат финансиски поддржани од Буџетот.

Посебна олеснителна мерка за работењето на новите радиодифузни субјекти е олеснување на начинот на годишно плаќање на надоместокот за концесијата за вршење радиодифузна дејност.

# §6. Радиодифузна такса

## 6.1. Следење на наплатата на радиодифузната такса

Со влегувањето во сила на Законот за радиодифузната дејност на 1 јуни 1997 година, радиодифузната такса се наплатува со сметките за наплата на електричната енергија.

Советот за радиодифузија, во текот на целиот период од неговото конституирање, покрај објавувањето на податокот за висината на радиодифузната такса, го следи и движењето на наплатата на радиодифузната такса. Во врска со тоа, значајно е да се изнесат следниве податоци:

- Процентот на наплата на радиодифузната такса од 1 јануари 1997 заклучно со 31 мај 1997 година (пред влегувањето во сила на Законот за радиодифузната дејност), изнесуваше 36,4%;
- Според податоците на ЈП Електростопанство на Македонија, кумулативниот процент на наплата на радиодифузната такса, во времето од 1 јуни 1997 година (кога почна наплатата на радиодифузната такса со сметките за наплата на електрична енергија) до 31 мај 1998 година, изнесуваше 78,87%;
- Заклучно со 30 април 1999 година, според податоците од ЈП Македонска радио-телевизија регистрираниот број на корисници на радио и ТВ приемници изнесува 529.685, од кои 486.885 се домаќинства, а 42.800 се правни лица (4.241 за ТВ и 38.559 за радио);
- Кумулативниот процент на наплата заклучно со 30 април 1999 година, според податоците на ЈП Електростопанство на Македонија, изнесува 72,63%;
- Заклучно со 30 април 1999 година ненаплатените побарувања од радиодифузната такса изнесуваат 626.611.881,00 денари (според прегледите на Електростопанство на Македонија) и
- Во согласност со член 72 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, од плаќање радиодифузна такса се ослободени 8.316 домаќинства од подрачја каде што нема квалитетен радиотелевизиски сигнал.

Врз основа на изнесените податоци може да се констатира дека во првата година (од 1 јуни 1997 година до 31 мај 1998 година), воведувањето на новиот начин на наплата на радиодифузната такса покажа забележителни позитивни резултати. [13]

И покрај покажаните првични позитивни движења во наплатата на радиодифузната такса, Советот за радиодифузија преземаше низа активности за координирање на работите меѓу ЈП Електростопанство на Македонија, Македонската радио-телевизија и Управата за јавни приходи, за отстранување на одредени појави што негативно се одразуваа врз наплатата на радиодифузната такса[14]. На средбите со претставници на ЈП Електростопанство на Македонија, ЈП Македонска радиотелевизија и Управата за јавни приходи, посебно внимание му беше посветено на прашањето на присилната наплата на побарувањата од радиодифузната такса. Имајќи предвид дека Управата за јавни приходи не презема никакви активности за присилна наплата, согласно со член 76 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот, во октомври 1998 година, со посебна информација ја извести и Владата на Република Македонија.

[13] За движењето на наплатата на радиодифузната такса во овој период и за резултатите од примената на Законот за радиодифузната дејност во делот што се однесува на радиодифузната такса, Советот за радиодифузија достави Информација до Владата на Република Македонија во јули 1998 година, како и до Собранието на Република Македонија (како одговор на пратеничко прашање).

[14] На пример, овозможување на корисниците на радиодифузни приемници, во одделни деловни единици на Електростопанство на Македонија, од сметката да го плаќаат само износот за електрична енергија, усогласување на регистрираниот број на корисници на радиодифузни приемници со бројот на сметките за електрична енергија и слично.

Следејќи ги континуирано податоците за процентот на наплата на радиодифузната такса кои од втората половина на 1998 година покажуваат стагнација, односно опаѓање, Советот презема и низа конкретни мерки за подобрување на наплатата. Организирани се повеќе работни средби со претставници на ЈП Македонската радиотелевизија, ЈП Електростопанство на Македонија и Управата за јавни приходи на кои се договорени и операционализирани надлежностите и обврските за подобрување на наплатата, односно за присилна наплата на заостанатите побарувања.

За спроведување на усвоените заклучоци, односно за следење на нивната реализација формирана е работна група составена од претставници на Управата за јавни приходи, ЈП Електростопанство на Македонија и ЈП Македонската радиотелевизија.

Советот за радиодифузија и во наредниот период ќе го следи движењето на наплатата на радиодифузната такса, при што во соработка со ЈП Електростопанство на Македонија, со Управата за јавни приходи, со Македонската радиотелевизија и со други органи ќе преземе мерки за зголемување на бројот на корисниците на радио и ТВ приемници, односно регистрирање на обврзниците - правни лица и обврзниците по основ на радио приемници во моторни возила.

## 6.2. Ослободување од плаќање радиодифузна такса

Согласно со Законот за радиодифузната дејност (член 72), во надлежност на Советот е до Владата да дава предлози за ослободување од плаќање радиодифузна такса на населението во подрачја во кои не е можен радио-телевизиски прием. Барања за ослободување, до јуни 1999 година, доставија месни заедници и собранија на општини од 145 населби во Републиката.

За секое од овие барања се извршени повторни мерења, заради утврдување на фактичката состијба, од страна на мерна група на ЈП Македонска радиодифузија, овластена од Министерството за сообраќај и врски.

Во изминатиот период Советот достави предлози, а Владата донесе одлуки за ослободување од плаќање радиодифузна такса на 8.316 домаќинства во 109 населби во Републиката.

Следејќи ја состојбата по пуштањето во работа на два нови репетиторски пункта, Советот до Владата достави предлог за укинување на претходно донесените одлуки за ослободување на вкупно 940 домаќинства во три населби.

До Советот за радиодифузија во извештајниот период беа упатени и барања од повеќе граѓани, здруженија, органи и организации за ослободување од плаќање радиодифузна такса на корисници на радиодифузни приемници - социјални случаи, слепи лица, ментално ретардирани, телесно инвалидизирани лица и сл.

На предлог на Советот, а со одлука на Владата, во октомври 1997 година, од плаќање радиодифузна такса се ослободени слепите лица - корисници на радио и ТВ приемници на чие име се води сметката за наплата на електричната енергија.

Што се однесува до другите категории лица, Советот во неколку наврати бараше мислење за решавање на ова прашање од Министерството за труд и социјална политика. На иницијатива и во организација на Министерството е одржана средба на која е договорено да се проучат искуствата во други земји, како и можноста ослободувањето од такса да биде компензирано со рефундирање од средствата на буџетот.

Во јуни 1999 година од Министерството за труд и социјална политика беше предложено, покрај слепите лица кои веќе се ослободени од плаќање радиодифузна такса, да се ослободат и лицата со потполно оштетен слух на двете уши, телесно инвалидизираните лица (параплегичари, дистрофичари и церебрална парализа) и лицата корисници на постојана парична помош.[15] Меѓутоа, Министерството за труд и социјална политика на Советот се уште не му го доставил точниот број на сите категории лица -

[15] Бројот на корисниците на постојана парична помош се движи околу 4.500, но определен број од нив е содржан и во другите категории лица, така што овој број изнесува многу помалку.

корисници на радио приемници што треба да бидат ослободени од плаќање радиодифузна такса, како и мислењето за можноста за рефундирање од буџетот на средствата што би се намалиле по оваа основа. Поради тоа, Советот за радиодифузија се уште не може да ја покрене постапката за ослободување од плаќање на радиодифузна такса (односно да го достави својот предлог до Владата на Република Македонија) за овие категории корисници.

# §7. Меѓународна соработка

Советот за радиодифузија во изминатиот период со низа меѓународни организации и институции разви плодна билатерална и мултилатерална соработка. Во мај 1999 година Советот за радиодифузија на Република Македонија е примен како рамноправна 26 членка на Европската платформа на регулаторни тела.

Примарна определба во вкупната меѓународна соработка на Советот за радиодифузија, во текот на изминатиот период, беше запознавање на меѓународните институции и организации со достигнатиот степен на плурализам во сферата на електронските медиуми во Република Македонија и со улогата и активностите на Советот за радиодифузија, како и развивање на соработката со регулаторните тела и меѓународните институции и организации од аудиовизуелната област.

Во таа насока, во текот на овој период беше иницирана и остварена интензивна соработка со Советот на Европа и со Европската комисија, со повеќе независни регулаторни тела од други европски земји, како и со други меѓународни организации и асоцијации. Значајна соработка е остварена и со мисиите и канцелариите на меѓународните организации во Република Македонија.

### 7.1. Соработка со Европската комисија и со Советот на Европа

Една од клучните задачи на регулаторните тела од областа на радиодифузијата во европските земји е да ја имплементираат европската регулатива, со цел да се постигне неопходниот степен на координираност[16] на националните регулативи како основа на слободната циркулација на радиодифузните сервиси. Степенот на усогласеност на одделно национално законодавство со одредбите на директивите на Европската унија го следи и оценува Европската комисија. Оттаму, главна ориентација во започнатата соработка на Советот за радиодифузија со телата и органите на Европската унија, во изминатиов период, беше приближувањето на македонската до европската радиодифузна регулатива и практика.

Значаен конкретен чекор во таа соработка беше зачленувањето на Советот за радиодифузија во Европската платформа на регулаторните власти (ЕПРА). Европската платформа на регулаторните тела е оформена во април 1995 година, со поддршка на Европската комисија, со цел да се поттикне соработката на националните радиодифузни тела во рамките на Европската заедница, во имплементацијата и унапредувањето на европската регулаторна рамка, чиј камен темелник е Директивата "Телевизија без граници". Како независна платформа на регулаторните радиодифузни власти, примарна функција на ЕПРА е да претставува форум за расправа и размена на мислења меѓу регулаторните тела во областа на медиумите, форум за дискусија за практичните решенија на правните проблеми што се однесуваат на интерпретацијата и примената на медиумската регулатива и форум за размена на информации за заеднички теми од националната и европската регулатива за медиумите.

Во текот на овој период е интензивирана соработката на Советот со Европската комисија, преку Канцеларијата на постојаниот претставник на Европската комисија во Скопје. Остварени се поголем број заеднички средби на кои се разговараше за актуелната состојба во македонската радиодифузија, за постигнатиот степен на плурализам во сферата на електронските медиуми, за одделни конкретни активности и проекти на Советот за радиодифузија и за можната поддршка за Европската комисија.

Европската комисија покрена иницијатива за користење на програмите на сателитскиот канал на Европската унија "Европа преку сателит". Имајќи го предвид значењето на овој сервис за запознавање на јавноста во Македонија со активностите на

[16] Станува збор за правила што се дизајнирани за да се постигне легитимност на целите од јавен интерес, во областите како што се рекламирањето, спонзорството, телешопингот, заштитата на малолетниците, јавниот поредок, промовирањето на европски програми итн.

Европската унија, Советот ја поддржа оваа иницијатива и во врска со истата пошироко ги информираше трговските радиодифузни друштва и јавните локални радиодифузни претпријатија.

Советот за радиодифузија покрена и иницијатива за активно учество во активностите и програмите на Советот на Европа преку соработка со Секторот за медиуми при Директоратот за човекови права на Советот на Европа. Значајна соработка е остварена и со Центарот за информирање и документација на Советот на Европа во Скопје.

### 7.2. Соработка со независните регулаторни тела од европските земји

Советот за радиодифузија покрена иницијатива и за билатерална соработка со повеќе европски независни регулаторни тела, со цел да се поттикне размената на искуства, информации и документи од радиодифузната област. Во рамките на оваа иницијатива, Советот за радиодифузија ги информираше регулаторните тела од европските земји за својата досегашна активност и проекти, како и за областите на можна соработка. Иницијативата беше прифатена со посебен интерес и желба за соработка од страна на поголем број независни регулаторни тела меѓу кои: Високата власт за општествени комуникации на Португалија, Шведската радиодифузна комисија, Советот за радиодифузија на Република Словенија, Националната радио и телевизиска комисија на Унгарија, Фламанскиот Комесаријат за медиуми, Независната телевизиска комисија и Власта за радио на Велика Британија, Федералниот сервис за телевизиска и радиодифузија на Русија, Канцеларијата за прес и информации од Кипар и други.

Од посебно значење е воспоставената соработка со Врховниот аудиовизуелен совет (CSA) на Франција. На покана на CSA, остварена е работна посета на делегација на Советот за радиодифузија на Врховниот аудиовизуелен совет на Франција. Во текот на работните средби, беа разменети искуства од работењето на двете регулаторни тела, од начинот на кој се поставени и организирани радиодифузните регулаторни власти, од мониторингот на програмите на електронските медиуми, од регулативата и новите сервиси и др.

Остварена е официјална посета и на Независната телевизиска комисија на Англија. Во текот на оваа посета се разговараше за улогата и надлежностите на двете регулаторни тела, како и за можностите за заемна соработка преку размена на материјали, документи и информации.

Делегација на Советот за радиодифузија започна соработка и со Советот за радиодифузија на Република Словенија. На работните средби меѓу претставниците на двата совети се разговараше за состојбата во јавната и комерцијалната радиодифузија, односно за терестријалната, кабелската и сателитската радиодифузија на двете земји. Посетата беше и во функција на подготовките за претстојниот конкурс на Советот за доделување концесии за кабелска телевизија, со оглед на искуството на Словенија каде што легално работат околу 100 кабелски оператори.

### 7.3. Соработка со други меѓународни институции, асоцијации и фондации

<u>Соработка со Европскиот институт за медиуми од Диселдорф</u>

Во октомври 1998 година е потпишан Договор за соработка со Европскиот институт за медиуми од Диселдорф. Во рамките на овој договор за соработка, Советот му понуди логистичка поддршка на Европскиот институт за медиуми во спроведувањето на мониторинг мисијата на парламентарните избори “98. Одржани се неколку работни средби со претставниците и експертите на Европскиот институт за медиуми на кои беше разговарано за медиумското покривање на кампањата за време на парламентарните избори и за улогата на електронските медиуми, како и за конкретните облици на натамошна соработка меѓу Советот за радиодифузија и Европскиот институт за медиуми.

Експерт на Европскиот институт за медиуми имаше и свое излагање на меѓународниот семинар “Примената на новите технологии и програмските радиодифузни сервиси во дигиталната ера”, на Советот за радиодифузија, а остварена е и значајна размена на материјали, документи и публикации.

Соработка со “Артикл 19” - Меѓународен центар против цензура

Соработката на Советот за радиодифузија со “Артикл 19”- Меѓународниот центар против цензура, е остварена на иницијатива на Советот, а во функција на подготовките за мониторингот на Советот за радиодифузија на програмите на електронските медиуми за време на парламентарните избори во 1998 година. Експертите на “Артикл 19” учествуваа и во изработката на Препораките на Советот за радиодифузија за програмите на електронските медиуми за време на парламентраните избори.

На покана на Советот, а со поддршка на Фондацијата Отворено општество, во август 1998 година, беше остварена работна посета на експерти на “Артикл 19” на Советот за радиодифузија. Во рамките на оваа посета беа одржани повеќе работни состаноци со членовите на експертските групи вклучени во постапката за доделување концесии, со членовите на аналитичкиот тим на мониторингот на програмите на електронските медиуми за време на изборите, како и со претставници на трговски радиодифузни друштва и јавни радиодифузни претпријатија. На средбите се разговараше за повеќе прашања: позицијата на Советот утврдена со Законот за радиодифузната дејност, транспарентноста на постапката за доделување концесии за вршење радиодифузна дејност, актуелните прашања и проблеми со кои се соочуваат радиодифузните организации, заштита на авторските и сродните права, како и за активностите на Советот за следење на програмите за време на парламентарни изборите.

Соработка со ОБСЕ

Соработката со Канцеларијата на ОБСЕ во Република Македонија, започната уште од конституирањето на Советот, беше продолжена и во текот на извештајниот период. Претставници на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ остварија официјална посета на Советот, при што се разговараше за Препораките на Советот за радиодифузија за програмите на електронските медиуми за парламентарните избори ’98, за мониторингот на програмите поврзани со изборите и за други актуелни прашања во радиодифузната област.

Соработка со Асоцијацијата “Глас на слушателот и гледачот” од Англија

На покана на асоцијацијата “Глас на слушателот и гледачот” (Voice of the Listener and Viewer) од Англија, претставници на Советот за радиодифузија учествуваа на Петтата меѓународна конференција “Радиодифузијата, демократијата и општественото вклучување”. Конференцијата беше посветена на актуелната состојба во радиодифузијата во Европа од перспективата на граѓаните, односно гледачите и слушателите и на придонесот што може да го даде радиодифузијата во развојот на демократијата, општеството и културата во дигиталното време.

Соработка со фондациите “Thomson” и “Know How” од Англија

Директорот на фондацијата “Thomson” оствари работна посета на Советот за радиодифузија на која, освен за развојот и за актуелната состојба на македонската радиодифузија, се разговараше и за можните облици на консултантска помош што оваа фондација може да му ја понуди на Советот за радиодифузија.

Во текот на овој период е продолжена започнатата соработка и со фондацијата “Know How”.

Соработка со Американскиот информативен сервис од Скопје

Во текот на овој период е продолжена соработката и со Американскиот информативен сервис. Со посредство на овој сервис е остварена соработка со Националниот демократски институт од Вашингтон, во подготовката на Препораките на Советот за радиодифузија за програмите на електронските медиуми за време на изборите во 1998 година. Исто така, со помош на овој сервис и “Глас на Америка”, е реализирана работилница со директорите на неколку ТВ станици од Македонија.

Соработка со светските сервиси на Би-Би-Си и Дојче Веле

Остварени се неколку средби со Македонската редакција на Светскиот сервис на Би-Би-Си. На средбите беше разговарано за програмите на оваа редакција што во Македонија се пренесуваат преку програмите на Македонското радио и локалните јавни радиостаници, за проблемите со кои во актуелниот момент се соочува локалната јавна радиодифузија и за перспективите на нејзиниот иден развој.

Во официјална посета на Советот за радиодифузија беа и претставници на светскиот сервис на Дојче Веле. На средбата се разговараше за програмите на Дојче Веле што се подготвуваат за македонската публика , како и за интересот на овој сервис да помогне во довршувањето на средно-брановиот предавател во Овче Поле, како и за проширување на обемот на програмите на Дојче Веле што би се емитувале преку овој предавател, во рамките на програмата на Македонското радио.

## 7.4. Меѓународна размена на податоци од аудиовизуелната област

Соработка со Европската аудиовизуелна организација

Во организација на Европската аудиовизуелна организација и Грчкиот аудиовизуелен институт во Атина се одржа првата средба на аудиовизуелни институти и други сродни организации од јужна и источна Европа насловена “Конвергентни медиуми - споредливи податоци”. Целта на средбата беше да се иницира конструктивна соработка во аудиовизуелната сфера (радио, телевизија, филм, видео, мултимедиуми и нови технологии), со цел да се овозможи слободна циркулација на информациите меѓу институциите кои се занимаваат со аудиовизуелна дејност и на статистичките податоци од европската аудиовизуелна индустрија.

Соработка со Европската аудиовизуелна опсерваторија (ЕАО)

Европската аудиовизуелна опсерваторија е организација која во 1992 година е основана од Советот на Европа, со цел да ја промовира транспарентноста на информациите за аудиовизуелната индустрија во Европа. Соработката со Европската аудиовизуелна опсерваторија во текот на овој период беше фокусирана на две области: размена на статистички податоци од аудиовизуелната област и соработка со правниот сектор на ЕАО. Како резултат на оваа соработка, Македонија за прв пат беше претставена во Плавата книга на ЕАО за 1998 година (статистички годишник на податоци од аудиовизуелната област) и во специјализираната публикација за правни прашања “Ирис”.

Соработка со други институти и меѓународни публикации

Советот оствари соработка и со неколку други организации и институти кои во своите публикации ќе вклучат низа податоци и информации за македонската радиодифузија: Институтот “Hans Bredow” од Хамбург, Публикацијата “Television 98 - European TV Key Facts”, Институтот за европско медиумско право од Saarbriken, Германија и др.

# §8. Издавачка дејност и база на податоци за радиодифузерите

Во текот на 1998-1999 година Советот за радиодифузија започна со развивањето и на својата издавачка дејност, со цел радиодифузните организации и јавноста поширoко да се запознаат со законската регулатива во радиодифузната област, како и со функциите, надлежностите и работата на Советот за радиодифузија.

## 8.1. Билтен на Советот за радиодифузија

Од редовната едиција, Билтен на Советот за радиодифузија, веќе се објавени два броја, на македонски и на англиски јазик.

## 8.2. Публикации од посебни проекти и советувања

Од мониторингот на програмите на електронските медиуми за време на парламентарните избори ’98, како и од истражувањето на мислењето на гледачите и слушателите за известувањето на електронските медиуми за парламентарните избори во 1998 година, Советот издаде посебна публикација.

Советот издаде посебна публикација и од меѓународниот семинар на тема”Примената на новите технологиии и програмските радиодифузни сервиси во дигиталната ера” одржан во февруари 1999 година. И оваа публикација е објавена на македонски и на англиски јазик.

Советот публикува и информатор “Електронските медиуми во Република Македонија” во кој е даден приказ на бројот и структурата на радиодифузните организации, со податоци за јазикот, жанровската структура на програмата, подрачјето на кое емитуваат програма, а објавени се и делови од законската регулатива од областа на радиодифузијата. Изданието е публикувано двојазично, на македонски и на англиски јазик.

## 8.3. Интернет

Во рамките на својата издавачка дејност, во овој период, Советот ја постави и својата WEB страница на Интернет, на адресата:

**http://www.srd.org.mk**

## 8.4. База на податоци за радиодифузерите

Во текот на изминатиот едногодишен период, Советот ја дизајнираше и започна со развивањето база на податоци за радиодифузните организации во Република Македонија. Базата ќе содржи податоци за работата на радиодифузните организации од програмски, технички, кадровски и финансиски аспект. Базата е дизајнирана врз основа на меѓународното искуство и методологија и во иднина треба да овозможи вклучување на македонските радиодифузни организации во пан-европската база на податоци. Исто така, во развивањето на базата е вклучена и врската со постојните регистри на Републиката[17].

Во оваа област Советот остварува соработка со Заводот за статистика на Република Македонија во насока на координирано собирање и размена на податоците и развивање методологија за собирање нови податоци од аудиовизуелната област, што ќе бидат наменети и за меѓународната база на аудиовизуелни податоци.

[17] Вклучена е врска со судскиот регистар, регистарот на трговските друштва, со даночниот регистар, како и со регистарот за залог на движен имот

## §9. Транспарентност на работата на Советот

Согласно со Законот за радиодифузната дејност и Деловникот за работа на Советот за радиодифузија, во својата работа Советот е целосно отворен кон јавноста.

Транспарентноста е мошне важен елемент во работата на радиодифузните регулативни тела. Со оглед на фактот што овие тела во основа се репрезент на интересите на граѓаните, тие на јавноста редовно треба да и ги презентираат своите одлуки, механизмите на одлучување и законските процедури. Освен тоа, јавното објаснување на одлуките и процедурите може да им помогне на новите тела во ситуирањето на нивната регулативна активност и во демонстрирањето на независноста и критериумите врз кои ги донесуваат своите одлуки.

За таа цел Советот за радиодифузија, од почетокот на своето работење, посебно внимание му посветува на редовното информирање на јавноста и граѓаните за сите активности од делокругот на своето работење. Во функција на транспарентноста, Советот публикува и посебен Билтен во кој се презентираат сите поважни одлуки и активности. Со цел јавноста и граѓаните да се информираат за прашањата за кои може да се обраќаат до Советот во врска со радио и телевизиските програми, во медиумите беше објавено и посебно “Обраќање до граѓаните”.

Во врска со најзначајните активности Советот одржуваше и редовни конференции за печат и подготвуваше соодветни информации од различни области наменети за информирање на новинарите. Во извештајниот период одржани се вкупно 14 конференции за печат.

Со својот одѕив и интерес за сите досегашни активности на Советот, новинарите на повеќе медиуми дадоа значаен придонес македонската јавност да се информира и да ги разбере новите механизми на регулирање на радиодифузната дејност што ги промовираше Советот за радиодифузија.

Изминатиот период се карактеризира и по редовната комуникација на Советот со радиодифузните организации. За таа цел, се одржани бројни средби со претставниците на трговските радиодифузни друштва и јавни радиодифузни претпријатија.

## §10. Материјално-финансиско работење на Советот

Своето материјално-финансиско работење Советот го остварува во согласност со Законот за радиодифузна дејност и други прописи.

Со Одлука на Владата на Република Македонија бр.23-1743/1, од 6 јули 1999 година, Советот се финансира од надоместокот за концесија. Според тоа, средствата за работа на Советот за радиодифузија во изминатиот едногодишен период се остварени од надоместокот за концесија на трговските радиодифузни друштва за 1998 година и од надоместокот за тендерска документација и камати.

Според Финансискиот план за 1998 година планираните трошоци изнесуваа 27.485.000,00 денари, додека реализираните 24.276.136,00 денари.

Вкупно остварените трошоци за работа на Советот, во периодот од 1 јули 1998 заклучно со 30 јуни 1999 година, изнесуваат 24.021.976,00 денари и тоа:

- надоместоци и плати на членовите на Советот во износ од 2.771.141,00 денари;
- плати и надоместоци за вработените во стручната служба на Советот во износ од 3.925.546,00 денари;
- трошоци за материјали, комунални услуги, транспорт, патни и дневни трошоци во износ од 3.699.592,00 денари
- закупнина за простории во износ од 3.884.399,00 денари;
- договорни услуги и други оперативни трошоци (трошоци поврзани со спроведувањето на конкурсот за проекти од јавен интерес, научно-истражувачки проекти, издавачка дејност, организирање семинари, членарина во меѓународни организации и слично, во износ од 6.050.600,00 денари и
- доопремување на компјутерскиот центар, набавка на аудио и видео опрема за потребите на мониторингот на радио и ТВ програмите, опремување на простории и набавка на возила во износ од 3.690.698,00 денари;

Предвидените средства во Финансискиот план за 1999 година, изнесуваат 25.011.000,00 денари.

Битно е да се одбележи дека трошоците на работењето на Советот во наредните години ќе се намалуваат поради фактот што техничкото опремување неопходно за остварување на законските надлежности и функциите на Советот во однос на следењето на програмите на електронските медиуми, во изминатиов период е речиси заокружено.

Исто така, треба да се нагласи дека Советот во моментов плаќа големи наемнини поради користењето изнајмен деловен простор. Доколку државата го откупи деловниот простор во кој во моментов е сместен и работи Советот, трошоците за работа би се намалиле за повеќе од 15% од вкупниот износ.

Во функција на намалување на режиските трошоци, Советот достави барање до Службата за општи и заеднички работи при Владата, за да може да ги користи нејзините услуги.

# П Р И Л О З И

# Прилог 1.- НАТАМОШНИ НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА РЕГУЛАТИВАТА ВО ОБЛАСТА НА РАДИО-ДИФУЗИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Водење на постапката за измени и дополнувања на Законот

Регулативата, односно законската рамка е претпоставка за успешно функционирање и развој на радиодифузната дејност. Затоа, таа треба да биде составен дел на стратегијата за развој на дејноста. Оттука на прашањето за подобрување на постојните законски решенија и нивното прилагодување на економските и техничко-технолошките достигнувања, треба да му се пријде сериозно и аналитички, со цел да се обезбеди јасна и конзистентна регулатива.

Врз основа на двата извештаи за работа на Советот за радиодифузија доставени до Собранието на Република Македонија и анализата на искуствата од практичната примена на Законот за радиодифузната дејност, Советот смета дека се создадени претпоставки да се пристапи кон отворање постапка за измени и дополнувања на постојната регулатива. Според член 22 од Законот за радиодифузната дејност Советот е овластен да ги следи состојбите и да предлага мерки за унапредување на радиодифузната дејност. Поради тоа Советот смета дека постапката за измени и дополнувања на Законот, во соработка со надлежните органи на законодавната и извршната власт, треба да ја координира Советот за радиодифузија. Во постапката за донесување на Законотза радиодифузната дејност учествуваа и експертски групи на Советот на Европа. Со оглед на потребата од хармонизирање на нашата со европската регулатива во областа на радиодифузијата, учеството на експертите на Советот на Европа во измените на Законот за радиодифузната дејности доградба на регулативата е и натаму неопходно.

## 2. Постојна состојба

Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на Република Македонија” број 20/97), што е во сила од 8 мај 1997 година, е првиот законски акт што ја постави правната рамка за делување на електронските медиуми во Република Македонија, во плуралистички односи.

Законот ги определи основните услови за вршење на радиодифузната дејност (производство, пренос, емитување и дистрибуција на радио и телевизиски програми и други информациски содржини наменети за општ прием во слободен простор и по кабелска радио и телевизиска мрежа) врз основа на принципите за слободата на изразувањето, слободата на примање и пристап до информациите, слободата на основање институции за јавно информирање гарантирани со Уставот на Република Македонија (член 16) и член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Во Законот се имплементирани и одредени општи начела, правила и обврски што произлегуваат од меѓународните документи што ги прифатила, односно кон кои пристапила Република Македонија и што произлегуваат од актите (декларации, резолуции, директиви и препораки) што се донесени во рамките на Советот на Европа и Европската унија.

Законот е донесен во услови кога во Република Македонија е создаден фактички плурализам во медиумите, односно во услови кога во етерот беа присутни повеќе од 250 дифузери, кои од 1990 година, а особено по донесувањето на Уставот од 1991 година спонтано се развиваа и покрај непостоењето законска рамка за нивна работа.

Законот создаде правна основа за формално конституирање на субјектите во радиодифузната дејност. Определувајќи се за двоен систем - јавен и комерцијален, Законот овозможи:

- продолжување со работа на Македонската радио-телевизија како јавен сервис кој врши радиодифузна дејност на територијата на Република Македонија (чија организација и мисија се доуредени со Законот за основање на јавното претпријатие Македонска радио-телевизија, односно Македонска радиодифузија);
- продолжување со работа на постојните локални радиостаници (29) и основање нови јавни претпријатија на локално ниво и
- формално конституирање на трговските радиодифузни друштва, односно на приватниот сектор во радиодифузијата, по спроведувањето на постапката по конкурсите за доделување концесии.

Со Законот е установен Советот за радиодифузија како независно тело што ги претставува интересите на граѓаните во радиодифузната дејност. Установувањето на Советот (иако во споредба со сличнитерегулаторни тела во другите земји нема полн капацитет на овластувања) Законот за радиодифузната дејностго карактеризира како современ и демократски закон со кој се создадени правни претпоставки за обезбедување самостојност и независност на електронските медиуми.

## 3. Прашања, односно одредби од Законот што треба да се преиспитаат

По истекот на двете години од влегувањето во сила на Законот - иако можеби изгледа како кус период - може да се направат одредени согледувања за квалитетот на некои законски решенија.

Искуствата од практичната примена на Законот и согледувањата на Советот за радиодифузија во врска со спроведувањето на одделни законски решенија во практиката, упатуваат на потребата од преиспитување на одделни законски решенија, нивна надградба и приспособувањекон новите услови во согласност со економските и техничко-технолошките промени во радиодифузијата. Во согледувањата на Советот се вградени и мислењата и забелешките искажани од страна на експертските групи што беа ангажирани за преглед на пријавите со придружната документација во постапката за доделување концесии, мислењата и предлозите на меѓународните експерти кои го посетија Советот во текот на процедурата за концесии, мислењата и препораките на одделни меѓународни институции (“Артикл 19”, ОБСЕ и др.), како и насоките содржани во новите меѓународни документи поврзани со радиодифузната регулатива и новите технологии.

### 3.1.Усогласување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Законот за телекомуникациите и Законот за концесија

Радиодифузната дејност во Република Македонија е уредена со Законот за радиодифузната дејност и Законот за телекомуникациите, а за одделни прашања (како што е прашањето за доделување концесии) Законот за радиодифузната дејност упатува и на Законот за концесија. Ваквиот приод во законското уредување на прашањата од областа на радиодифузијата - дејноста да се уредува со повеќе прописи, има негативни практични импликации, особено што во наведените прописи за одделни прашања има различни решенија. На пример, според Законот за концесија, одлука за концесија донесува Владата на Република Македонија, а според Законот за телекомуникациите, министеротза сообраќај и врски, на предлог на Дирекцијата за телекомуникации. Од друга страна, член 13 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, во поглед на концесијата упатува и на Законот за телекомуникациите и на Законот за концесија.

Регулативата треба да биде конзистентна, што значи една услуга - работа не треба да се уредува со повеќе прописи, односно да овозможува различни пристапи и различни цели. Во спротивно, постои ризик противречните законски решенија да доведат до негативни резултати.

Во прилог на гореизнесеното е и фактот што во расправите на одделни компетентни тела на Европската унија, односно на Советот на Европа, што се занимаваат

со регулативата од областа на медиумите, сé почесто се поставува прашањето дали во период на конвергенција има потреба од посебна регулатива меѓу одделни сектори, на пример, секторот за телекомуникации и секторот за радиодифузија, односно дали може да се оправда поделбата на регулативата од технички и содржински аспект.

**3.2.Правниот статус на субјектите во радиодифузната дејност (членови 5, 9 и 12)**

Според Законот за радиодифузната дејност, радиодифузна дејност во Република Македонија можат да вршат радиодифузни организации кои можат да се основаат како јавни претпријатија (на територијата на Република Македонија што се основаат со закон и на локално ниво, што се основаат со акти на општината, односно на градот Скопје) и како трговски радиодифузни друштва (основани од правни и физички лица) кои можат да се регистрираат пред надлежниот суд, по добивањето концесија за вршење радиодифузна дејност.

“Двојниот систем” (приватни - трговски радиодифузни друштва и јавни претпријатија), што го прифати нашиот Закон, е една од особеностите на радиодифузијата во Европа и тој и понатаму не треба да се доведува во прашање.

Јавниот радиодифузен сервис е директно поврзан со демократските, социјалните и културните потреби на секое општество и со потребата да се сочува плурализмот на медиумите, поради што тој и натаму треба да ја задржи својата витална улога. Задржувањето на јавниот радиодифузен сервис и неговиот развој е потребно и заради користењето на можностите што ги нудат новите комуникациски технологии и аудиовизуелни сервиси,. Ова е неопходно токму од аспект на обезбедувањето пристап на сите делови на јавноста до придобивките од новите сервиси, што е поврзано со мисијата на јавниот сервис - да обезбедува програми за секого.

Правната рамка за развој на јавниот радиодифузен сервис треба да се заснова врз основните начела и принципи што произлегуваат од резолуциите, декларациите и другите документи од III-та (Кипар ’91), IV-та (Прага ’94) и V-та (Солун ’97) министерска конференција за политиката на масмедиумите, како и други акти донесени во рамките на Советот на Европа, Европската унија (особено Резолуцијата број 1 - Иднината на јавната радиодифузија, Амстердамскиот протокол кон спогодбата на Европската заедница, Препораката број 99/1 на Комитетот на министрите на Советот на Европа до земјите членки, за мерките за унапредување на плурализмот на медиумите). Притоа треба особено да се води сметка за следното:

- јасно дефинирање на задачата на јавниот сервис;
- обезбедување средства за финансирање на јавниот сервис соодветно на определените задачи, односно врз основа на начелото на пропорционалност;
- средствата за финансирање на јавниот сервис се јавни и тие треба да се насочуваат исклучително за финансирање на активности од јавен интерес и
- транспарентност на финансирањето на јавниот сервис - во финансирањето на јавниот сервис треба да се применува начелото на финансиска отвореност (ако субјектите од јавниот сектор се ангажираат во комерцијални активносттоа треба посебно да се евидентира).

Овие начела обезбедуваат здрава основа за иднината на јавниот радиодифузен сервис, истовремено гарантирајќи го неопходниот степен на почитување на принципите на слободната претприемчивост и конкуренцијата што им се потребни на приватните - трговските радиодифузни друштва за да можат да ги развиваат своите активности.

Законското решение за основање јавни претпријатија на локално ниво, односно за усогласување на работата на постојните локални радиостаници (29), во практиката не ги даде очекуваните резултати. На прашањето за статусот и финансирањето на субјектите што вршат некомерцијална радиодифузна дејност на локално ниво во идната регулатива треба да му се посвети посебно внимание. Притоа, треба да се имаат предвид искуствата за положбата на локалните некомерцијални радиодифузни организации во други земји.

Одредбите од Законот до крај не го определија **трговското радиодифузно друштво** како специфично трговско друштво, во однос на другите трговски друштва што се основаат и работат според Законот за трговските друштва. Законот за радиодифузната дејност јасно не го дефинира трговското радиодифузно друштво како посебен вид трговско друштво кое исклучително ќе се занимава со радиодифузни активности. Покрај тоа, Законот не содржи поконкретни одредби, односно ограничувања за организациониот облик за вршење радиодифузна дејност, односно дали трговските радиодифузни друштва ќе се организираат исклучително како капиталски (акционерско и друштво со ограничена одговорност) или пак ќе биде можно да се организираат и како персонални друштва (јавно трговско друштво и командитно друштво).

Законот не содржи подетални одредби и за минимумот основна главнина на трговското радиодифузно друштво. Исто така, Законот не дава можност за основање и работа на други субјекти, во други форми на организирање, чија цел не им е создавање профит (на пример, студентско радио и сл.).

Со Законот треба да се создаде можност за основање на друштва на независни продуценти кои ќе се занимаваат само со производство на радио и телевизиски програми (без емитување), наменети за емитување од страна на радиодифузните организации што имаат концесија за вршење радиодифузна дејност, односно за кабелска дистрибуција.

### 3.3.Сопственост во електронските медиуми, плурализам и спречување на медиумска концентрација

Законот содржи одредби со кои се обезбедува плурализам во медиумите, ограничување на сопственоста и спречување на концентрацијата во медиумите. Имено, според Законот за радиодифузната дејност:

- правно и физичко лице може да биде основач само на едно трговско радиодифузно друштво и може да биде соосновач само на уште едно радиодифузно друштво, најмногу до 25% од вкупниот капитал на друштвото (член 10 став 1);
- средствата на повеќе странски правни и физички лица, како соосновачи во едно трговско радиодифузно друштво можат да изнесуваат најмногу до 49% од вкупниот капитал на друштвото (член 10 став 2);
- правно и физичко лице чија дејност е од областа на печатот не може да основа организација и да врши радиодифузна дејност, а радиодифузна организација не може да основа организација и да врши дејност од областа на печатот (член 11 став 1);
- основач, односно соосновач на радиодифузна организација не може да биде политичка партија, верска заедница и религиозна група, како и носител на јавна функција или функција на политичка партија (член 11 став 2);
- на трговско радиодифузно друштво за вршење радиодифузна дејност на територијата на Република Македонија може да му се даде само една концесија за радио и за телевизија, а за вршење радиодифузна дејност на локално ниво, на различни несоседски подрачја може да се дадат најмногу две концесии, една за радио и една за телевизија (член 17) и
- сопственик на кабелска радио-телевизиска мрежа не може да биде концесионер на радиодифузна организација, ниту акционер во радиодифузна организација (член 65 став 4).

Во врска со цитираните одредби од Законот, треба да се укаже на следното: Законот ја занемарува можноста, домашно или странско правно или физичко лице, освен како со/основач да стекне учество во трговско радиодифузно друштво до утврдените износи. Така, член 10 би можел да се протолкува дека едно лице не може да се јави како соосновач во друго трговско радиодифузно друштво со повеќе од 25%, но дека подоцна може без проблем да стекне (врз основа на дополнително вложување) и повеќе од со Законот утврдените лимити.

Нејасна е одредбата од член 17 во поглед на бројот на концесиите што може да му се доделат на трговско радиодифузно друштво на територијата на Република Македонија, како и во поглед на тоа дали едно домашно правно или физичко лице може да се јави како сосновач до 25% само во трговско радиодифузно друштво во несоседско подрачје или како сосновач може да се јави и во радиодифузно друштво и во исто подрачје.

Законот не дава одговор на прашањето кога како подносители за добивање концесија се јавуваат блиски - роднински или капиталски физички или правни лица.

Во Законот треба да се имплементираат правилата за плурализам и ограничување на сопственоста во медиумите содржани во најновите меѓународни документи (особено Препораката број 99/1 на Комитетот на министрите на Советот на Европа до земјите членки, за мерките за унапредување на плурализмот на медиумите - јануари ’99), а особено:

- правила за регулирање на сопственоста во радиодифузијата и печатот;
- правила и критериуми за рестрикции на капиталот во дигиталните сервиси;
- правила за фер, транспарентен и недискриминаторски пристап до системите и сервиситешто се обезбедуваат со дигиталната радиодифузија;
- давање овластувања на регулаторното тело за преземање мерки за спречување на концентрациите на сопственоста во медиумите;
- мерки и правила за јакнење и поттикнување на уредувачката и новинарската одговорност, преку облици на саморегулатива на медиумите.

**3.4.Доделување концесии за вршење радиодифузна дејност (членови 13 до 21)**

Според член 13 од Законот за радиодифузната дејност, радиодифузните организации радиодифузната дејност ја вршат врз основа на концесија издадена во согласност со одредбите на Законот за радиодифузната дејност, Законот за концесија и Законот за телекомуникациите.Уредувањето на постапката за доделување концесии со три закони (Законот за концесија, Законот за телекомуникациите и Законот за радиодифузната дејност) има негативни практични импликации. Постапката за доделување концесии за вршење радиодифузна дејност треба во целост да се уреди со Законот за радиодифузната дејност. Покрај тоа, во Законот треба да се предвиди и следното:

- Постапката за доделување концесија треба да биде јасно нормирана и прилагодена на природата на секој одделен радиодифузен сервис.
- Исто така, во делот што се однесува на доделување концесии, Законот недоволно ја изразува специфичноста на одделни радиодифузни сервиси (преку земска мрежа, сателит и кабелска мрежа).
- Во Законот треба да се предвиди законска можност за пренос на концесијата: законското решение од член 21 за забрана на преносот на концесијата од претставниците на одделни меѓународни институции и експерти (во текот на постапката за доделување концесии) беше оценето како несоодветно и како пречка во развојот на радиодифузната дејност. Од друга страна, со Законот за телекомуникациите дадена е можност за пренос на концесијата, со согласност на министерот за сообраќај и врски.
- Едно од прашањата што треба прецизно да се уредат е како во постапката за доделување концесии се остварува заштитата на правата на учесниците во конкурсите за концесија.
- Законот за концесија определува дека учесникот на конкурсот има својство на странка. На потребата за административно и правно регулирање на постапката за лицата кои се незадоволни со одлуката, укажа во мај 1998 година и Артикл 19 - Меѓународниот центар против цензура.

**3.5.Овластувања на Советот за радиодифузија (членови 22 до 30)**

Искуствата за положбата на независните регулаторни тела (како што е Советот за радиодифузија во Република Македонија) во други земји укажуваат на тоа дека постојните законски овластувања на Советот не се на ниво на статусот и овластувањата што ги имаат ваквите регулаторни тела (власти) во други земји.

На ова е укажано уште во постапката за донесување на законот за радиодифузната дејност, од експертската група на Советот на Европа (експертиза на предлогот на Законот, од декември 1995 година).

Функциите, мисиите, односно овластувањата на радиодифузните регулаторни тела во Европа, главно, се состојат во следното:

- поделба на фреквенциите, односно давање дозволи (лиценци), концесии под законски утврдени услови;
- преземање мерки и активности емитувачите на кои им се доделени фреквенциите да ги исполнуваат своите законски обврски во поглед на задоволувањето на барањата на јавноставо однос на програмите, плурализмот на информирањето, заштитата на децата и малолетниците, остварувањето на правото на одговор и исправка, квалитетот на програмите, емитувањето одреден процент програми од национално и европско производство и други законски обврски.
- да дејствуваат како медијатори меѓу публиката (слушателите и гледачите) и емитувачите и меѓу емитувачите и јавните власти. Поради улогата што ја имаат во тој поглед, регулаторните тела ја сносат и одговорноста за состојбата во аудиовизуелниот сектор и неговиот развој, како и за квалитетот и разновидноста на програмите што се емитуваат и
- да обезбедуваат услови за здрава конкуренција меѓу емитувачите и да преземаат анти-концентрациски мерки, со цел ниту еден емитувач или пак група емитувачи да не добие таква моќ што ќе може да го загрози слободниот пристап до информациите.

Регулативите со кои се утврдуваат функциите на регулаторните тела во Европа се разликуваат во зависност од специфичностите на секоја земја (во одделни земји, како во Велика Британија и Полска, овие тела имаат целосна регулаторна власт - донесуваат правила и други обврзувачки прописи за доуредување на одделни прашања од радиодифузната дејност). Обемот на овластувањата на овие регулаторни тела претставува еден од критериумите за оцена на степенот на демократизација што е постигнат во одделна земја, во областа на медиумите.

Положбата и овластувањата на Советот за радиодифузија на Република Македонија, во идната регулатива треба да се развиваат во насока на поставеноста и овластувањата на овие тела во другите земји, односно во насока на јакнење на неговиот капацитет на одлучување и одговорност.

**3.6.Радиодифузни програми (членови 31 до 64)**

Основните начела и принципи за радио и телевизиските програми и за самостојноста на радиодифузните организации во уредувањето на програмите, содржани во членовите 8 и 31 од Законот за радиодифузната дејност и во идната законска регулатива треба да бидат основа за вршење на дејноста.

Во овој дел од Законот потребно е да се имплементираат принципите и правилата содржани во Протоколот на Конвенцијата "Телевизија без граници" и во најновите измени на Директивата "Телевизија без граници".

Неопходно е, пред се, да се сообрази значењето на одделни изрази (сопствено производство, реемитување, реклама, спонзорирање, телешоп, радиодифузер и сл.) содржани во член 3, точки 6, 7, 8 и 9, член 48 и член 51 од Законот за радиодифузната дејност со одредбите од членовите 1 до 5 на Протоколот и член 1 од Директивата.

Директивата “Телевизија без граници” со одредбите од членовите 22 и 22-а предвидува обврски за државите членки во поглед на заштитата на малолетните лица и јавниот ред. Законот за радиодифузната дејност содржи одредба (член 35) според која не се дозволени емисии насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката или поттикнување или повикување на воена агресија или кон разгорување на национална, расна, верска омраза и нетрпеливост, програми со непристојни содржини (особено со порнографија и насилство) и програми што можат штетно да влијаат врз телесниот, духовниот и моралниот развој на децата и младинците. Филмовите и другите емисии што можат штетно да влијаат врз психофизичкиот развој на децата и младинците можат да се прикажуваат само меѓу 24.оо и 6.оо часот.

Меѓутоа, цитираните одредби од Директивата предвидуваат посебни обврски за државите членки да преземаат дополнителни мерки радиодифузерите што се под нивна јурисдикција да не емитуваат програми што би можеле сериозно да го загрозат физичкиот, умствениот и моралниот развој на малолетните лица, а особено програми што содржат порнографија или насилство. Овие мерки треба да се прошират и врз другите програми што би можеле да го загрозат физичкиот, умствениот и моралниот развој на малолетните лица, освен доколку, со избор на времето на емитувањето или со технички мерки не се сигурни дека малолетните лица нема да го слушнат или видат ваквото емитување. Директивата ги обврзува државите членки, во случаите кога програмите се емитуваат во некодирана форма, да се погрижат на истите да им претходи звучно предупредување или да се идентификуваат со присуство на визуелен симбол во текот на времетраењето на нивното емитување.

Во духот на членовите 22 и 22-а од Директивата треба да се дополни и член 35 од Законот за радиодифузната дејност.

Законот за радиодифузната дејност содржи одредба ( член 62) за правото на одговор и исправка, меѓутоа оваа одредба треба да се дополни со уредување на постапката за остварување на ова право, а во духот на член 8 од Протоколот на Конвенцијата и член 23 на Директивата.

Во Законот, треба да се внесат одредби за пристап на јавноста до настани од клучно значење (пристап до големи настани) со кои ќе се спречи емитувањето врз ексклузивна основа од страна на одделни дифузери на настани за кои се смета дека се од клучно значење за општеството, со што значителен дел од јавноста би се лишил од можноста да ги следи овие настани во живо или одложно емитување (членови 9 и 10 од Протоколот и член 3-а од Директивата).

Одредбите од членовите 11 и 12 од Протоколот и членовите 4, 5, 6 и 7 од Директивата ги обврзуваат државите членки, со практични и соодветни мерки да обезбедат, дифузерите под нивна јурисдикција, дел од своето програмско време да го посветат за европски дела и дела на независни продуценти, како и да се погрижат дифузерите да не емитуваат кинематографски дела надвор од термините договорени со имателите на правата.

Одредбите за реклама и спонзорство (членови 48 до 61 од ЗРД) треба да се прецизираат и дополнат во духот на членовите 14 до 27 од Протоколот и членовите 10 до 20 од Директивата. Притоа треба да се разработат правила за емитување на телешопот и саморекламирањето. Имајќи ги предвид искуствата во други земји, Советот за радиодифузија треба да добие законско овластување за донесување поблиски правила за рекламирање, телешоп и спонзорство во електронските медиуми.

При преиспитувањето на одделни одредби од постојниот закон за радиодифузната дејност, посебно внимание треба да им се посвети на одредбите од членовите 43 и 46 на Законот, зашто во практичната примена на овие одредби се појавија сериозни проблеми. Имено, според член 43, радиодифузните организации можат да реемитуваат странски програми повремено, само доколку имаат договор со странскиот емитувач на односната програма, а по претходна согласност на Советот. Член 46 предвидува дека странски

програми или делови на странски програми мораат да бидат преведени на македонски јазик, како и на јазикот на националностите за кои се емитуваат програмите, освен преноси на музички, театарски и верски настани, како и на образовни програми за изучување странски јазици и програми наменети за странци.

Законот не содржи критериуми за тоа во кој случај Советот може да даде - да одбие согласност за реемитување странска програма. Постои оправдана дилема - која е интенцијата на одредбата од член 43 - дали да се заштити странскиот емитувач, односно имателот на правото на програмата или да се спречи реемитување на одделни странски програми? Реемитувањето претставува истовремен прием и пренос на програмата, без можност за превод на македонски јазик, односно на јазикот на националностите како што е предвидено во член 46 став 1. Се поставува прашањето дали согласност за реемитување може да се даде само за програмите наведени во член 46 за кои не постои обврска за превод, или и за други програми што значи отстапување од обврската за превод предвидена во член 46.

Според член 2-а од Директивата “Телевизија без граници” државите членки имаат обврска да обезбедат слободен прием и нема да ги ограничуваат реемитувањата на нивната територија или телевизиските емитувања на други држави членки, во рамките на областите што ги координира Директивата. Во цитираниот член од Директивата се дадени условите под кои државите можат да отстапат од оваа одредба. Затоа при уредувањето на прашањето за реемитување, односно емитување странски програми, треба да се имаат предвид и одредбите од член 2-а на Директивата “Телевизија без граници”.

Со цел да се сочува културниот плурализам на Европа и да се негува европското културно наследство, европската медиумска политика предвидува мерки за поттикнување на европската аудиовизуелна продукција и механизми за обезбедување соодветно ниво на емитување на европските дела во програмите на радиодифузните организации во државите членки. За таа цел, во членовите 4 и 5 на Директивата “Телевизија без граници” е дефинирано дека државите членки во своите национални законодавства треба да предвидат мерки радиодифузерите да резервираат поголем дел од нивното време за емитување дела од европско потекло.

Различните држави членки на Европската унија применуваат т.н. систем на квоти со кои се одредува минимумот процент на програми од национално, односно европско потекло што треба да бидат емитувани од радиодифузерите во соодветната земја, а со цел да се зачува културниот идентитет и културната различност и да се поттикнува националната и европската аудиовизуелна продукција.

**<u>3.7.Кабелска и сателитска радиодифузија (членови 65 до 69)</u>**

Одредбите од Законот што се однесуваат на кабелската радио-телевизиска мрежа не ги изразуваат специфичностите на постапката за доделување концесии за кабелска дистрибуција на радио и телевизиските програми.

Законот не содржи јасни одредби за радио и телевизиските програми што можат да бидат дистрибуирани преку кабелска мрежа и правила за т.н. “задолжителен пренос” (must carry), поради што е потребно дополнување на овие одредби.

Исто така и со Законот за телекомуникациите не се земени предвид специфичностите на кабелските радиодифузни мрежи во однос на класичните телекомуникациски мрежи. Член 91 упатува дека концесија се доделува според одредбите од овој закон и одредбите од Законот за радиодифузната дејност. Меѓутоа, за практично реализирање на постапката за доделување концесии неопходно е да се издвои радиодифузниот сегмент, со сите негови специфики, како посебен дел во Законот за телекомуникациите.

За успешно спроведување на конкурсната постапка неопходно е Владата на РМ и надлежните министерства да ги донесат и сите други подзаконски акти (правилници,

уредби и сл.) со кои би се допрецизирале условите за конкурирање и меѓусебните права и обврски на давателите и корисниците на услуги.

Со законскитеодредби треба да се регулирааати следните прашања поврзани со идниот развој на сателитската радиодифузија:

- користењето на петте фреквенции за БСС (Broadcast Satelite Service) кои Република Македонија ги има добиено според меѓународните фреквентни планови;
- начинот на користење, програмските и други лиценци, од страна на домашни радиодифузери за фреквенциите што ги изнајмуваат меѓународни оператори;
- програмските и други лиценци за структурата на програмитешто се произведуваат во Македонија а што се наменети и за реемитување преку сателит се испорачуваат од земски сателитски станици (up link) од територијата на Република Македонија;
- обезбедувањето рамноправен пристап до овие капацитети и за јавната и за приватната радиодифузија;
- лиценците за реемитување сателитски програми од странско производство преку кабелски мрежи со повеќе од 100 корисници;
- лиценците за реемитување сателитски програми преку терестријални радиодифузни предаватели и
- улогата и овластувањата на Советот за радиодифузија во доделувањето на лиценцитеи неговата одговорност за следење на остварувањето на условите на лиценцата.

### 3.8. Овластувања во врска со спроведувањето на Законот (членови 82 до 84)

Според Законот за радиодифузната дејност:

- надзор над спроведувањето на Законот во однос на изградбата, одржувањето и употребата на радиодифузната мрежа и средствата врши Министерството за сообраќај и врски преку Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски;
- за спроведувањето на одредбите од Законот во однос на создавањето и емитувањето на радиодифузните програми, како и за следење на остварувањето на договорите за концесија се грижи Советот за радиодифузија (член 83) и
- надлежните инспекторати во соодветните министерства во рамките на својата надлежност, на начин и постапка пропишана со закон, непосредно и на предлог на Советот, преземаат мерки кон оние радиодифузни организации што вршат дејност спротивно на овој закон (член 84).

Искуствата од практичната примена на наведените законски одредби за надзорот покажуваат голема неефикасност што негативно се одрази врз спроведувањето на Законот.

На несоодветниот начин на уредување на ова прашање беше укажано уште во постапката за донесување на Законот од повеќе органи и организации, а исто така и од експертската група на Советот на Европа по Предлогот на законот во 1995 година.

Тргнувајќи од овластувањата на регулаторните тела да даваат дозволи - концесии, логично произлегува и нивната обврска и овластувања да ги следат дифузерите и да проверуваат дали ги исполнуваат законските обврски и обврските содржани во дозволата, односно во договорот. Тоа значи дека регулативните тела треба да бидат во состојба да го надгледуваат однесувањето на емитувачите, исполнувањето на нивните законски и договорни обврски да биде предмет на постојано следење и процена, да одговараат на жалбите и поплаките на гледачите и слушателите, како и да имаат законски овластувања за изрекување определени санкции во случај на прекршување на Законот и на други утврдени обврски.

Искуствата во другите земји упатуваат на тоа дека регулаторните тела имаат големи овластувања за следење на спроведувањето на условите утврдени со лиценцата

и овластувања да преземаат, односно да предлагаат мерки против оние радиодифузни организации што постапуваат спротивно на законската регулатива. Регулативните тела имаат можност да спроведуваат цел спектар санкции во зависност од видовите на прекршувањата. Така, на пример, регулативните тела можат:

- да издаваат предупредувања, препораки, инструкции или формални известувања до емитувачите со цел тие да го прилагодат своето работење со законските и договорните обврски (во одделни случаи предупредувањата и јавно се објавуваат);
- да изрекуваат финансиски санкции, односно казни кон емитувачите - големината на казните обично е лимитирана со закон, изразена во проценти од обртот на емитувачот (на пример во Франција од 3% до 5%, во Романија од 2% до 5%);
- времено да ја суспендираат дозволата за работа - лиценцата, односно концесијата и
- како крајна мерка - одземање на дозволата, односно на концесијата.

Санкциите изречени од регулативните тела подлежат на судска контрола. Оние регулативни тела кои имаат овластување да преземаат, односно да спроведуваат санкции, се многу поефикасни во извршувањето на нивните задачи и во спречувањето на секојдневните прекршувања на стандардите на емитувањето.

Во согласност со искуствата на другите земји, каде регулативните тела се овластени за преземање санкции против емитувачите, и во Законот за радиодифузната дејност треба да се доградат одредби што се однесуваат на овластувањето на Советот за радиодифузија во надзорот и преземањето мерки против емитувачите кои не се придржуваат кон законските и договорни обврски.

## 4. Тек на постапката

Советот за радиодифузија му предлага на Собранието на Република Македонија да донесе заклучок запристапувањекон измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност. Измените и дополнувањата на Законот за радиодифузната дејност се предвидени со Програмата за работа на Министерството за сообраќај и врски. Владата на РМ, во вообичаената процедура треба да поднесе предлог на пречистениот текст на измените и дополнувањата на Законот до Собранието на РМ.

## Прилог 2.- Преглед на трговски радиодифузни друштва кои добиле концесија

**на територијата на РМ**
- Радио Канал 77
- Сител телевизија
- А1 телевизија

**Скопје**
- РА
  - Радио Гром
  - Радио Антена 5
  - Радио Фортуна
  - Радио Класик ФМ
  - Радио Арачина
  - Мега радио
  - Радио Равел
  - Радио Ват
  - Радио Нома
  - Радио Уно
  - МЏ радио
  - Радио Стар ФМ
  - Радио Џез ФМ
  - Радио Атланта
  - Радио Канал 4
  - Радио Рос
  - Радио 21
  - Радио Топ ФМ
  - Радио Буба Мара
  - Скај радио
- ТВ
  - ТВ Скопје
  - ТВ БС
  - ТВ Телма
  - ТВ Шутел
  - ТВ Ера
  - ТВ МТМ
  - ТВ Скај Нет
  - ТВ Мак Спот
  - ТВ Лисица
  - ТВ 96
  - ТВ БТР Национал

**Битола**
- РА
  - Радио 106
  - Радио 2 М Херц
  - Радио 105
- ТВ
  - ТВ Орбис
  - ТВ Тера

**Валандово**
- ТВ
  - ТВ ВТВ

**Велес**
- РА
  - Радио Си-Би-Ем
  - Радио Це-Де
  - Радио Голди
- ТВ
  - ТВ Канал 21
  - ТВ Здравкин

**Виница**
- РА
  - Радио Ла Коста
  - Радио Роберто

**Дебар**
- РА
  - Радио СМ
  - Радио Мерлин
  - Радио Семи
- ТВ
  - ТВ Жупа

**Делчево**
- РА
  - Радио Пинк

**Дорјан**
- ТВ
  - ТВ Миг 21

**Гевгелија**
- РА
  - Радио Тајм
- ТВ
  - ТВ Богданци
  - ТВ Канал 12

**Гостивар**
- РА
  - Радио Про ФМ 92
  - Радио Рекатон
  - Радио Румели ФМ
  - Радио Еми
  - Радио Арс
- ТВ
  - ТВ Суко
  - ТВ Глобус
  - ТВ Зери и Чегранит
  - ТВ Дуе

**Кавадарци**
- РА
  - Радио Хот ФМ
- ТВ
  - ТВ КТВ 41
  - ТВ Скај Плус

**Кичево**
- РА
  - Радио Кале
  - Радио Александар
  - Радио Ускана
- ТВ
  - ТВ Боем
  - ТВ Гурра
  - ТВ Кале
  - ТВ Ускана

**Кочани**
- РА
  - Радио Денс
  - Радио ББ
  - Радио Роса

**Крива Паланка**
- РА
  - Радио Астра

**Крушево**
- РА
  - Радио Фљора

**Куманово**
- РА
  - Радио Тумба
  - Музичко радио КМР
  - Радио Арбана 1
- ТВ
  - ТВ Зора
  - ТВ Далга Крт
  - ТВ Канал Феста
  - ТВ Хана

**Македонски Брод**
- РА
  - Радио Морис

**Неготино**
- РА
  - Радио Микс

**Охрид**
- РА
  - Радио Експрес
  - Супер радио
  - МХ радио
- ТВ
  - Независна ТВ
  - Телевизија ТВМ

**Пехчево**
- РА
  - Радио Пехчево

**Прилеп**
- РА
  - Радио Холидеј
  - Радио Риниа
  - Радио Мефф
  - Радио Канал 95
- ТВ
  - ТВ Маркони
  - ТВ Мартел

**Радовиш**
- ТВ
  - ТВ Ко-Бра
  - ТВ Еми

**Свети Николе**
- РА
  - Радио Сафари
- ТВ
  - ТВ Свет

**Струга**
- РА
  - Радио Спектра
  - Радио Ди Џеј
  - Радио Хит
- ТВ
  - ТВ АТВ Струга
  - ТВ Калтрина
  - ТВ Спектра

**Струмица**
- РА
  - Радио Џокер
  - Експрес радио
- ТВ
  - ТВ Интел
  - ТВ Вис

**Тетово**
- РА
  - Радио Висар
  - Радио Плус Форте
  - Радио Кисс
  - Радио Фама
- ТВ
  - ТВ Арт
  - ТВ Кисс
  - ТВ Супер Скај
  - ТВ Коха

**Штип**
- РА
  - Радио Черења
  - Радио Антонио ФМ
- ТВ
  - Телевизија “Ирис”
  - ТВ Теко

Дел 2

# И З В Е Ш Т А Ј

за зачленувањето на Советот во ЕПРА

# СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА ЧЛЕН НА ЕПРА

Од мај 1999 година, Советот за радиодифузија на Р. Македонија е примен како рамноправна 26-та членка на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА). Европската платформа на регулаторни тела е формирана во април 1995 година, со цел да се поттикне соработката на националните радиодифузни тела во рамките на Европската заедница, за имплементацијата и унапредувањето на европската регулаторна рамка, чиј камен-темелник е Директивата "Телевизија без граници". Како независна платформа на регулаторни власти, примарна функција на ЕПРА е да претставува форум за расправа и размена на мислења меѓу регулаторните тела во областа на медиумите, форум за дискусија за практичните решенија на правните проблеми што се однесуваат на интерпретацијата и примената на медиумската регулатива и форум за размена на информации за заеднички теми од националната и европската регулатива за медиумите.

Членки на ЕПРА можат да бидат европски регулаторни тела, кои имаат најмалку една од следниве функции:

- издавање дозволи за радио или телевизиски услуги;
- пропишување на правила ;
- мониторинг на програмите;
- наметнување на санкции;
- квази правна власт.

На сите средби на ЕПРА, претставници од Европската комисија и од Советот на Европа имаат статус на постојани посматрачи. Согласно Статутот на ЕПРА, состаноците се одржуваат двапати годишно.

Од темите кои беа разгледувани на деветтата седница на ЕПРА одржана на 06 и 07 мај 1999 година, во Веве (Швајцарија), ги издвојуваме:

## 1) Сексот на телевизијата: параметри на дозволеност

Во подготовката на работните материјали за состанокот на ЕПРА, од страна на Секретаријатот беше упатен прашалник до сите регулаторни тела - учесници во кој беа наведени прашања во врска со ограничувањата од страна на регулаторните тела во поглед на прикажувањето на сексот на телевизија, дефиниција за порнографијата, законски ограничувања, број на поплаки од страна на гледачите и слично. Дваесет и едно регулаторно тело имаше одговор на испратениот прашалник. Во некои земји како Швајцарија, Малта, и во францускoто говорно подрачје на Белгија и Германија, материјата на регулативата со која е опфатена порнографијата не е содржана во законот за радиодифузна дејност, туку во Кривичниот закон. Во Германија, прикажувањето на порнографски материјал е целосно забрането и подлежи на санкции.

Во Велика Британија, терестријалните дифузери мора да гарантираат дека нема да емитуваат никаква програма што не е дозволена за деца до 9 часот навечер, а од 9 до 10 часот мора да има постепен прогресивен премин кон програмата за возрасни. ОРФ, јавен радиодифузен сервис во Австрија неодамна го применил системот за сигнализација на ТВпрограмите. Според овој систем, филмовите се сигнализирани (за време на целото нивно прикажување) со знаци X (не е погодно за малолетници) и 0 (само за возрасни). ЦСА од Белгија, исто така, има предложено на Владата прифаќање систем на симболи сличен на францускиот систем. Вакавите системи се веќе прифатени и во Кипар, Унгарија и Полска.

Во рамките на оваа тема, беа прикажани видео-снимки за прекршување на законските одредби од швајцарската независна комисија, БСЦ (Broadcasting Standards

Commission) од Велика Британија, Високиот Совет за радио и телевизија од Турција и Комесаријат за медиуми во Холандија. Бројот на поплаки од страна на гледачите во врска со прикажување на насилство и експлицитен порнографски материјал кај повеќето регулаторни тела изнесува од 0-10% од вкупниот број на поплаки што пристигнуваат. Исклучок се случаите во регулаторните тела од Латвија и од БСЦ (Broadcasting Standards Commission) од Велика Британија, каде што процентот на поплаки поврзан со оваа тема изнесува од 10 - 25.

### 2) Дигитална телевизија

Регулаторните тела во Европа сé повеќе се преокупирани со дигиталната телевизија со фокус на доделување на мултиплекс лиценци. Беа презентирани британскиот и шведскиот модел за доделување лиценци.

Дигиталната телевизија е присутна низ кабелските системи од 1997 година, а во поново време се воведува и т.н. ДТТ дигитална земска телевизија. Во Европа, операторите во Британија први започнаа со работа, а од април 1999 година, ваков сервис е воведен и во Шведска. Постојат повеќе технички параметри што ја дефинираат "агресивноста" на ваквиот тип на телевизија:

* кај дигиталната трансмисија, постои поголема искористеност на спектарот, што значи можност за работа на повеќе канали во фреквентниот опсег, кој порано го заземаше аналогната трансмисија;
* постои поголема имуност кон меѓусебна интерференција и потиснување на пречките во сигналот. Ова практично значи дека сликата ќе биде со перфектен квалитет ако има услови за прием, а во сите други ситуации приемот ќе биде блокиран;
* сигналот е погоден за енкрипција;
* помали се експлоатациските трошоци на операторот;
* се дозволува комбинирање на сервиси и услуги што се дигитални во својата природа, т.н. конвергенција на медиумите.

Пресвртот што го носи дигиталната телевизија, веќе со стартот покажува дека се работи за еден мошне комплексен процес. Тоа бара негово внимателно третирање, како во поглед на алокација на фреквенциите, така и во поглед на имплементирањето на новите услуги во еден нов сервис што ќе биде наследник на старата аналогна телевизија. Англиските и шведските искуства покажуваат дека треба внимателно да се одбере моментот на воведувањето на овој сервис. Воведувањето на ДТТ подразбира промена на приемната структура, а тоа значи купување нов приемник, или купување посебен декодер (set top box). Индустријата покажува посебен интерес за "set top box", кој на пазарот достигнува цена од приближно 500 $.

### 3) Заштита на малолетниците во дигиталното опкружување и тековниот развој на европската медиумска политика

Г-динот Паскал Куберо, претставник од Европската Комисија (DG X) ги претстави: Извештајот за заклучоците од Семинарот во Сарбрукен за саморегулација во медиумите, и истражувањето на комисијата за "Родителската контрола во телевизиската радиодифузија"; Извештајот за имплементацијата на Директивата "Телевизија без граници" во државите членки, како и соопштување на резултатите од јавната консултација за Зелената книга (Green Paper) .

На средбата на ЕПРА, сите учесници доставија национални извештаи за нивните позначајни активности. Во дебатата за извештаите, посебен интерес беше покажан и за извештајот на Советот за радиодифузија на Р. Македонија. Г-динот Мајкл Џонсон од ITC (Independent Television Commission) од Велика Британија, покажа интерес за мониторинг групите формирани на територија на Р. Македонија, за бројот, начинот на нивното формирање и за нејзините активности.

За претседавач на ЕПРА повторно беше избран г-динот Грегер Линдберг, Директор на Шведската радиодифузна Комисија.

На предлог на Националниот Совет за радио и телевизија на Р. Грција, следната средба на ЕПРА ќе се одржи во Атина на 21 и 22 октомври 1999 година.

Зачленувањето во ЕПРА претставува чекор напред во мултилатералната соработка на Советот за радиодифузија и хармонизација на македонската со европската регулатива во областа на електронските медиуми и нивната конвергенција со телекомуникациите и информатиката.

Дел 3

# Програма за работа

на Советот за радиодифузија во 1999 година

Врз основа на член 18 став 2 алинеа 1 од Деловникот, Советот за радиодифузија, на седницата одржана на 16 декември 1998 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА 1999 ГОДИНА

Во согласност и во рамките на делокругот за работа утврден со Законот за радиодифузната дејност и Деловникот, Советот за радиодифузија во текот на 1999 година ќе ги изврши, особено, следниве активности:

### I. Спроведување на постапката за финансирање проекти од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва и на независните продуценти од средствата на радиодифузната такса

**1.** По прифаќањето на Предлогот на Советот и по објавување на огласот за финансирање проекти од јавен интерес од страна на Владата на Република Македонија (Предлогот е доставен до Владата на 8 октомври 1998 година), Советот ќе ги спроведе следниве активности:

- издавање пријави и тендерска документација и примање на пријавите по огласот;
- формирање експертски групи за разгледување и за оценување на пријавите;
- усвојување Предлог до Владата за распределба на средствата, односно за финансирање на проекти од јавен интерес;
- извршување на одлуките на Владата за финансирање на проектите (склучување договори со корисниците на средствата);
- следење на процесите на продукција на проектите, односно на реализацијата на договорите.

### II. Спроведување на постапката за доделување концесии за кабловска дистрибуција на радио и ТВ-програми, односно за кабловски радио и телевизиски мрежи

- Утврдување на технички стандарди (веќе се подготвени)
- Правилник за техничките аспекти на кабловските радиотелевизиски мрежи (веќе е подготвен)
- Подготвување на Предлог-текстот на конкурсот, на образецот на

пријавата и на тендерската документација (веќе е подготвен)

- Усвојување на Предлогот за распишување на конкурсот и доставување на Предлогот до Владата на Република Македонија
- Спроведување на конкурсот (издавање пријави и тендерска документација и прием на пријавите со потребната документација)
- Формирање експертски групи за разгледување и за оценување на пристигнатите пријави по конкурсот
- Подготвување и усвојување на Предлогот до Владата за доделување концесии за кабловски мрежи
- Извршување на Одлуката на Владата за доделување концесии (склучување на договорите за концесија и следење на нивната реализација)

**III. Активности за спроведување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во однос на создавањето и емитувањето на радио и телевизиските програми на радиодифузните организации**

**1.** Донесување препораки за електронските медиуми

1.1. Препораки за програмите

Во Препораките ќе се елаборираат и ќе се операционализираат одредбите од Законот за радиодифузната дејност што се однесуваат на програмите на електронските медиуми, а ќе упатуваат и на меѓународните стандарди и документи. Во Препораките ќе бидат разработени повеќе аспекти на програмите на електронските медиуми поврзани со независноста на уредувачката политика, слободата на иформирањето и комуникациите, слободите и правата на човекот, правото на одговор и исправка, негувањето на културната традиција и јазикот, рекламирањето и спонзорството итн.)

1.2. Препораки за програмите на електронските медиуми за време на претседателските избори ж99

Врз основа на искуството од парламентарните избори ’98 и критичката анализа на постојните законски решенија, Советот ќе се заложи за нормативна рамка, која јасно ќе ги определи местото и улогата на електронските медиуми во изборната кампања, како и однесувањето на организаторите на кампањата.

**2.** Мониторинг на програмите на електронските медиуми

- Работна средба со претседавачите на мониторинг групите, начин на работа

и европски искуства

- Усвојување План за работа со мониторинг групите
- Усвојување Упатство за следење на радио и телевизиските програми наменето за мониторинг групите
- Разгледување и усвојување повремени информации за резултатите од следењето на програмите на електронските медиуми од страна на мониторинг групите и од стручната служба за програмски прашања

**3.** Истражувања на публиката и програмите

3.1. Рејтинг на гледаност и слушаност на програмите

Изработка и усвојување елаборат за можностите за примена на т.н. **мерења на публиката** со помош на т.н. "мерачи на гледачи" (поеоплметерс) во Република Македонија (согледување на искуствата од другите земји, начин на организација на истражувањето, раководење, контрола и финансирање и сл.) и утврдување динамика на подготовките за реализација на проектите (формирање експертски тим, консултации со странски партнери, изработка на методолошка скица, финансиска конструкција за реализирање на истражувањата итн.)

- Испитување на рејтингот на гледаност и слушаност на одделни медиуми со помош на традиционални методолошки постапки (дневник, интервју и телефонска анкета); со ова истражување прво би биле опфатени националните радио и ТВ-дифузери, а потоа и локалните. Целта е да се оцени дали програмите ги задоволуваат различните вкусови и интереси на публиката и дали одделни програмски сегменти допираат до нивната публика. Испитувањето ќе се реализира врз релевантен примерок и ќе се одвива фазно: до крајот на 1999 година, да се формира македонскиот барометар на гледаност и на слушаност.

3.2. Истражување на програмите

Во текот на 1999 година ќе се реализираат следниве истражувања:

а) Против пиратството во македонскиот етер

- Легализација на повременото реемитување, откуп на странски програми, почитување на авторските права (Законот за авторското право и сродните права според меѓународните конвенции), соработка со Европската комисија и со нејзината мисија во Скопје

б) Заштита на детството - антинасилство на телевизијата

- Присутноста на насилството во програмите на електронските медиуми и заштитата на децата и младината (насилството во дневните и документарните емисии, серии, филмови и во цртани филмови и т.н.).

в) Телевизијата и културата

- Телевизијата пред судот на јавноста, културните аспекти на програмите (добриот вкус, пристојноста, "навредливиот" јазик и сл.); комбиниран проект, во кој ќе се примени анализа на содржина на одделни програми, резултатите од мислењата на членовите на мониторинг групите, резултати од разговори со фокусни групи составени од гледачи; ќе се истражуваат само одделни, посебно одбрани програми на електронските медиуми

**Целни задачи**

Истражувањата треба да резултираат со утврдување сигнализација (искуство на Франција) или други стандарди што се обврзни при емитувањето програми со насилство, порнографија и други содржини штетни за психофизичкиот развој на децата и на младината.

3.3. Учество во проектот за истражување на публиката во Република Македонија, финансиран од Европската комисија

- Промоција на проектот

**IV. Јазикот и радио и ТВ-програмите**

**1.** Реализација на втората фаза на проектот за употреба на македонскиот литературен јазик во радио и ТВ-програмите

**2.** Јазиците на националностите на радио и ТВ-програмите

**3.** Координирање на активностите за јазикот меѓу Советот за радиодифузија и Советот за примена на македонскиот јазик при Министерството за култура

**V. Правен статус на радиодифузните организации**

**1.** Јавно радиодифузно претпријатие

1.1. Правен статус, состојби и перспективи на националниот и локалните радиодифузери

1.2. Јавниот радиодифузер во светлото на европските искуства

1.3. Организациска, техничка и продукциска трансформација на јавниот радиодифузен сервис и на локалните радиодифузери

**2.** Трговско радиодифузно друштво

2.1. Анализа на конзистентноста на решенијата во Законот за радиодифузната дејност, во Законот за трговските друштва и во други закони од аспект на заживување на трговското радиодифузно друштво како специфично трговско друштво

2.2. Два типа на друштва: за производство и за производство и емитување на радио и ТВ-програми

2.3. Профитни и непрофитни радиодифузни друштва - два вида концесии

2.4. Анализа на законската и на административна процедура во врска со правото на приговори, жалби, тужби во постапката за доделување концесии и др.

**VI. Активности поврзани со техничките услови за производство и емитување на програмите на радиодифузните организации, со воведувањето нови технологии и со унапредувањето и развојот на радиодифузната дејност**

**1.** Финализирање и усвојување на Програмата за покривање на одделни подрачја во Република Македонија со квалитетен радио и телевизиски сигнал, во соработка со Министерството за сообраќај и врски и Јавното претпријатие Македонска радиодифузија

**2.** Подготвување анализа за техничката опременост за производство и за емитување на радио и ТВ-програми на трговските радиодифузни друштва и на јавните радиодифузни претпријатија што вршат радиодифузна дејност на локално ниво

**3.** Усвојување препораки за техничките стандарди за опременоста на студиските капацитети за производство на радио и ТВ-програми и изработка

модели на проекти

**4.** Активности, предлози и мислења за стартот на сателитско емитување на радио и ТВ-програми од Македонија во Европа, во САД/Канада и во Австралија и дефинирање на статусот на земската сателитска станица врз принципот на рамноправна пристапност на јавниот и приватниот сектор

**5.** Иницијатива за изработка на документ за стратегијата за воведување на дигиталната земска радиодифузија

**6.** Анализа на постојните и новите капацитети на ЈП "Македонска радиодифузија" и АД "Македонски телекомуникации" и можностите за нивно користење, како комбиниран радиодифузен центар во Република Македонија

**7.** Донесување Одлука за зачленување на Советот за радиодифузија во ДигиТАГ (меѓународна група за имплементација на дигиталната земска радиодифузија)

**8.** Подготовка и покренување иницијатива за донесување подзаконски акти - технички прописи од областа на радиодифузијата

## VII. Меѓународна соработка

Во текот на 1999 година, Советот за радиодифузија ќе оствари соработка со:

- независни регулаторни тела од областа на радиодифузната дејност во Европа, САД, како и во соседните земји
- Европската комисија, со Советот на Европа и со други европски институции и организации
- ОБСЕ и Комесарот за медиуми
- специјализирани медиумски истражувачки и со други институции: со Меѓународниот центар за борба против цензура "Артикл 19", операционализација на соработката со Европскиот институт за медиуми - EIM, GfK и други
- УНЕСКО, со Меѓународната телекомуникациска унија и со други специјализирани органи на ООН
- Невладини организации и асоцијации

- меѓународни регулациски тела, ќе учествува на нивни средби, на медиумски лаборатории и слично

Советот ќе потпише и договори за поконкретна соработка со одделни регулаторни тела и со други институции.

Во текот на 1999 година, ќе продолжи соработката со Know How, Usis и ќе се организираат посети на релевантни и компетентни експерти во форма на микросеминари за менаџментот и бизнис планови во електонските медиуми.

**VIII. Радиодифузна такса**

**1.** Анализа на наплатата на радиодифузната такса и усвојување предлог-мерки за подобрување на наплатата и за координирање на активностите меѓу Македонската радиотелевизија, ЈП Електростопанство на Македонија и Управата за јавни приходи

**IX. Издавачка дејност**

**1.** Издавање публикации, списанија и студии во кои ќе се третираат прашања од областа на радиодифузијата и од работата на Советот и на радиодифузните организации

1.1. Издавање Билтен на Советот

1.2. Старт на стручно списание "Етер", на секои 6 месеци

1.3. Специјализирани проекти: Електронските медиуми во Македонија

**X. Семинари, советувања, Work shops - работилници**

**1.** Примена на новите технологии во радиодифузијата

**2.** Дигитализацијата и воведувањето нови сервиси (video on demand, pay television)

**3.** Музиката во радио и ТВ-програмите

**4.** Примена на Законот за авторското право и сродните права во радиодифузните активности, според наши и европски искуства

**5.** Странските инвестиции во нашата радиодифузија

**XI. Други активности**

**1.** Анализа на првите ефекти за финансиската состојба на концесионерите

**2.** Методологија на финансиска поддршка и евалуација на проекти од јавен интерес

**3.** Донесување кодекс за добро деловно однесување и лојална конкуренција во радиодифузната дејност

**4.** Активности за афирмирање на принципот на слободен и рамноправен пристап на трговските радиодифузни друштва до уредите и капацитетите на јавната мрежа, под пазарни и недискриминаторски услови и правила

**5.** Донесување Финансиски план на Советот за 1999 година

**6.** Разгледување извештаи за остварување на Програмата за работа на Советот

**7.** Следење на актуелните состојби во радиодифузната дејност; на законската регулатива од областа на радиодифузијата, концесиите, телекомуникациите, на авторското право и сродните права и на другите прописи што се однесуваат на работата на радиодифузните организации, односно на радиодифузната дејност и покренување иницијативи, давање мислење, предлози за нивна примена, за измени или дополнувања на постојните прописи и за унапредување на регулативата

**XII. Транспарентност во работата на Советот**

**1.** Отвореност на седниците, редовни контакти, конференции за печат, радио и ТВ

**2.** Организирање на посебни мини-медиумски работилници: примена на нови технологии, посредување на специјалистички знаења и информации

**3.** Вклучување на медиумите во конкретни активности на Советот